# МОНИТОРИНГ ИЗВЕШТАЈ

## МОНИТОРИНГ НА СКРИЕНАТА ЕКОНОМИЈА ВО МАКЕДОНИЈА: ТРЕНДОВИ И МОЖНИ ПОЛИТИКИ

CENTER FOR THE STUDY OF DEMOCRACY

CRPM Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

Monitoring the Hidden Economy in Macedonia: Trends and Policy Options

**Project name: Promoting Good Governance and Economic Rights through Empowering Macedonian Civil Society to Monitor and Tackle the Hidden Economy in Macedonia**

This project is funded by the European Union under the European Instrument for Democracy and Human Rights (EIDHR) and co-funded by the Balkan Trust for Democracy (BTD)

# Мониторинг на скриената економија во Македонија: трендови и можни политики

# Содржина

Извршно резиме ... 8

1. Вовед ... 12

2. Скриената економија: преглед на концепти, дефиниции и мерење ... 14

3. Скриената економија во Македонија во контекст ... 18

4. Анкети и индекси за скриената економија: резултатите за Македонија ... 24

5. Скриеното вработување ... 27

6. Даночна дисциплина и избегнувањето даноци ... 40

   6.1 Деловниот сектор и даночната дисциплина ... 40

   6.2 Граѓаните и даночната дисциплина ... 47

7. Деловното опкружување и скриената економија во Македонија ... 52

8. Заклучоци и препораки ... 59

Анекси ... 68

1. Методологија и карактеристики на примероците ... 68

   а. Анкета на населението: карактеристики на примерокот ... 69

   б. Анкета на деловни субјекти: карактеристики на примерокот ... 69

Литература ... 71

# Индекс на графикони

Графикон 1 – Опфатено неформално вработување (како % од вкупното вработување по години) ... 19

Графикон 2 – Неопфатена економија (НОЕ) во Македонија 2008-2012, како % прилагодено од годишниот БДП. ... 20

Графикон 3 – Обем на непријавена економија, како % од БДП ... 23

Графикон 4 – Индекс на скриената економија и подиндекси (население) ... 24

Графикон 5 – Состав на индексот на скриена економија во споредба со Бугарија (деловни субјекти). ... 25

Графикон 6 – Степен на согласување на граѓаните со прашања врзани со скриената економија (население). ... 26

Графикон 7– Проценка на испитаниците за обемот на скриената економија во однос на нивната економска дејност и националното ниво. (Q. C13_A). ... 26

Графикон 8 – Стапка на невработеност во Македонија (во %) ... 27

Графикон 9 – Структура на невработеност. Десна оска (%) на стапка на долгорочна невработеност. ... 27

Графикон 10 – Економска активност според етничка структура (население). ... 28

Графикон 11 – Работници на кои цела или дел од платата им се исплаќала во готовина во изминатите 12 месеци. Во 2013 за ЕУ27, и за минатиот 1 месец во 2014 за МК (население). ... 29

Графикон 12 – Основа за уплаќање на социјално/пензиско осигурување наспроти податоци од анкетата на ЦИД за Бугарија (2013), (население) ..... 30
Графикон 13 – (Не)согласување со исказот „Претпочитам да бидам непријавен работник со повисока плата отколку пријавен работник со пониска плата“ и месечен семеен приход (население). ..... 31
Графикон 14 – Потпишување договори со „скриени клаузули“, анкета на деловни субјекти (Q.C12_B) (дел. субјекти) ..... 31
Графикон 15 – Степен на согласност со изказот „повеќе сакам да бидам непријавен работник со повисока плата отколку пријавен работник со пониска плата“ (население). ..... 32
Графикон 16 – Степен на согласност со исказот „државното здравствено и пензиско осигурување не пружаат доволно чувство на сигурност“ (население) ..... 32
Графикон 17 – Процент на население со писмени договори за примарната работа според степен на образование (Q.3 насп. Q.D3) (население) ..... 32
Графикон 18 – Степен на образование според етничката припадност (население) ..... 33
Графикон 19 – Процент на население со писмени договори според степен на образование и етничка припадност (население) ..... 33
Графикон 20 – Степен на образование на примерокот насп. користењето на Интернет (Q.D3 насп. Q.D18) Извор: анкета на ЦИКП за население 2014, (население) ..... 34
Графикон 21 – На кој износ на плата работодавачот ви уплаќа придонеси за социјално осигурување (Q.7A). Извор: анкета на ЦИКП за население 2014, (население) ..... 35
Графикон 22 – Удел на работници без договори или со договори со „скриени клаузули“ (Q.C23_B & Q.C24_B) (деловни субјекти) ..... 36
Графикон 23 – Плаќање во готовина за големопродажни договори од голема вредност (Q.C12_H) (дел. субјекти) ..... 38
Графикон 24 – Споредбена статистика за 6-те најголеми увозници во Македонија. Извор: база на под. Comex, 2015 ..... 40
Графикон 25 – Приватни трансфери (како процент од БДП) ..... 41
Графикон 26 – Како би ја оцениле висината на различните даноци во Македонија (во %)? (Q. C17) (дел. субјекти) ..... 42
Графикон 27 – Како компаниите ја оценуваат „Фирмарината” според големината на компанијата (Q.C17A насп. C5B) (деловни субјекти) ..... 42
Графикон 28 – Најважните фактори за постоење на скриената економија (Q. C14) (деловни субјекти) ..... 43
Графикон 29 – Мерки за смалување на скриената економија (Q. C15) (деловни субјекти) ..... 43
Графикон 31 - Колку често компаниите пријавуваат помали приходи од реалните? (Q. C12_C) (деловни субјекти) ..... 44
Графикон 30 - Колку често компаниите се обидуваат да манипулираат со ДДВ? (Q. C12_L) (деловни субјекти) ..... 44
Графикон 32 - Колку често компаниите пријавуваат помал обрт од реалниот? (Q. C12_G) (деловни субјекти) ..... 45
Графикон 33 – Процент на компании кои плаќаат помали даноци користејќи сметководствени трикови (Q. C25) (деловни субјекти) ..... 45
Графикон 34 – „Колку е често земањето/нудењето мито во вашиот сектор“ (Q.C12_E) (деловни субјекти) ..... 45

Графикон 35 – Ставот на претставници на деловните субјекти за степенот на вмешаност на компании во нивниот сектор во „неиздавање сметки и фактури“ (Q.C12_F) и „неплаќање давачки, даноци и акцизи“ (Q.C12_D) (деловни субјекти) ........ 46
Графикон 36–Степен на доверба во Владата на РМ според етничка припадност (Q3 насп. Q5.1),(население). ........ 47
Графикон 37 – Колкав дел од населението го платиле својот ПДД, според месечните домашни приходи? (Q.D27_B насп.Q.27_B) (Население). ........ 48
Графикон 38 - Колкав дел од населението го платиле својот данок на имот, според месечните домашни приходи? (Q.D27_B насп.Q.27B) (Население) ........ 49
Графикон 39 – Дали се согласувате со следниот исказ: „Не плаќам даноци, превисоки се“? (D27_B) (Население) ........ 49
Графикон 40 – Колкав процент од населението се согласува со следниве изјави?(Население). 50
Графикон 41 – Месечни домашни приходи според националност (Q.D5 насп. D27_B), (население) ........ 50
Графикон 42 – Пречки (16) на водењето бизниси во Македонија, во %. Извештајот за конкурентност на Светскиот економски форум 2010 – 2015 (деловни субјекти) ........ 52
Графикон 43 – Три основни проблеми со кои се соочува Македонија (деловни субјекти). ........ 53
Графикон 44 – Степен на задоволство со законите / процедурите кои влијаат врз бизнисите (дел.субјекти) ........ 53
Графикон 45 – Степен на задоволство со јавните функционери кои работат со деловниот сектор (деловен сектор) ........ 54
Графикон 46 – Главни проблеми за бизнисите во Македонија (Q. C8) (деловен сектор) ........ 55
Графикон 47 – Степен на согласување со проблемите поврзани со функционирање на бизнисите (Q. C9) (деловни субјекти) ........ 56
Графикон 48 – Спроведување на набавки без тендер (Q.C12_I), (деловен сектор). ........ 57
Графикон 49 – Извршување на нелегален прилив или одлив на средства (Q.C12_K), (деловни субјекти). ........ 57
Графикон 50 – Извршување на зделки во натура или со компензација (Q.C12_J), (деловни субјекти). ........ 57
Графикон 51 – Испитаниците според нивниот економскиот статус (Q. D7_7) (население). ........ 69
Графикон 52 – Структура на интервјуираните компании според големина (деловни субјекти). 69
Графикон 53–Распределба на компаниите според деловниот сектор). ........ 70

## Индекс на табели

Табела 1 – Најкористени методи за мерење на скриените економски активности ........ 15
Табела 2 – Споредба на мерењето на скриената економија ........ 22
Табела 3 – Податоци од анкета на ЦИД (2003-2013) за Трендовите на скриената економија во Бугарија (во %), (од населението). ........ 29

# Индекс на прикази

Приказ 1 - Структура на индексот на скриената економија (деловни субјекти).. ........................ 17
Приказ 2 – Структура на индексот на скриената економија (население).. .................................. 17
Приказ 3 – Зошто е важно да се поддржи Работна група за скриената економија во Македонија? ........................................................................................................................ 37
Приказ 4 – Управа за јавни приходи. ...................................................................................... 51
Приказ 5 - Најделотворни генерални методи за сузбивање на скриената економија според Управата за јавни приходи на Македонија. ...................................................................... 58

# Индекс на кратенки

| | |
|---|---|
| ЕУ | Европска унија |
| ФП | Финансиска полиција |
| Влада на РМ | Влада на Република Македонија |
| СИН | Совет за инспекциски надзор |
| МОТ | Меѓународна организација за труд |
| ММФ | Меѓународен монетарен фонд |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НБРМ | Народна банка на Република Македонија |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ДИТ | Државен инспекторат за труд |
| ДПИ | Државен пазарен инспекторат |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| СБ | Светска банка |

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската унија. За нејзината содржина одговорни се единствено ЦИКП и ЦИД и таа во никој случај не ги одразува ставовите на Европската унија.

© 2015 ЦИКП/ЦИД.

“Monitoring the Hidden Economy in Македонија: Trends and Policy Options”
„Мониторинг на скриената економија во Македонија: трендови и можни политики“

**Автори:**

**М-р Ана Мицковска-Ралева**, постар аналитичар, Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП)

**М-р Емил Шурков**, помлад аналитичар, Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП)

**Уредници:**

**М-р Руслан Стефанов**, директор на Економската програма, Центар за изучување на демократијата (ЦИД)

**Д-р Тодор Јаламанов**, постар аналитичар, Економска програма, Центар за изучување на демократијата (ЦИД)

**М-р Даниела Минева**, соработник-истражувач, Економска програма, Центар за изучување на демократијата (ЦИД)

www.crpm.org.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

339.194(497.7)(047)

МИЦКОВСКА-Ралева, Ана
Мониторинг на скриена економија во Македонија : трендови и можни политики / [Ана Мицковска-Ралева, Емил Шурков]. - Скопје : Центар за истражување и креирање политики, 2015. - 73, 76 стр. : граф. прикази ; 30 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Monitorimi i ekonomise se fshehur ne Maqedoni : tendencat dhe opsionet e politikave / Ana Mickovska-Raleva, Emil Shurkov. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и алб. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 70-73

ISBN 978-608-4586-46-3
1. Шурков, Емил [автор]. - I. Ралева, Ана Мицковска- види Мицковска-Ралева, Ана
а) Сива економија - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 99426058

# Благодарност

Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) од Скопје и Економската програма при Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Софија сакаат да им се заблагодарат на следниве лица и институции за нивниот придонес кон овој Извештај изразен преку нивните идеи, упатства, и стручна рецензија: Д-р Александар Стојанов, директор за истражување и Александар Герганов, постар истражувач (ЦИД), за нивните ценети упатства и насоки во однос на анкетите за скриената економија и при пресметување на индексите; професор Клин Вилијамс и д-р Питер Роџерс од Универзитетот „Шефилд" за нивните совети при изработување на анкетите, дадените контакти помош при избор на анализите за приказ на состојбата; г-дин Љубомир Мишков од Универзитетот „Шефилд" и г-ѓа Росица Џекова од ЦИД за нивното време и напор како соработници-истражувачи на Проектот Марија Кири GREY кои помагаа со дополнителни истражувачки информации. Сакаме да се заблагодариме на Балканскиот фонд за демократија (BTD) за нивното ко-финансирање на овој проект. Понатаму, сакаме да се заблагодариме на следниве лица и институции за нивната подготвеност да споделуваат значајни информации за тоа како нивните организации се справуваат со скриената економија: Славица Кироска од Управата за јавни приходи (УЈП), Злате Стојановски, Државен инспекторат за труд (ДИТ), Сузана Петровска од Финансиската полиција (ФП), Горан Велески и Младен Фрчковски од Министерството за труд и социјална политика (МТСП). Дополнително, сакаме да се заблагодариме на следниве организации за нивната вклученост во поголемиот број настани организирани во рамките на овој проект: Бизнис-конфедерацијата на Македонија (БКМ), Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство на РМ (СИЕР), Синдикатот на независните и автономните синдикати на Македонија (УНАСМ), Агенцијата за вработување на РМ (Партнер) и на многу други. На крајот, би сакале да се заблагодариме на Наталија Куновска Цингарска за преводот и Билјана Пепоска за лектурата на македонската верзија од овој Извештај.

# Извршно резиме

Во многу дебати и дискусии Македонија се споменува како земја со скриена економија. Европската комисија во своите редовни извештаи за земјата во повеќе наврати искажувала загриженост која се однесува на обемот и ширењето на практиките на скриената економија. Скриената работа или непријавената работа во Македонија посебно ги загрижува властите во земјата, со оглед на тврдоглаво високата официјална стапка на невработеност и ниските нивоа на вработеност. Сепак, повеќето студии и истражувања на оваа тема изразуваат висок степен на двосмисленост, со оглед на тоа што третираат само определени тесни производи на скриената економија, вообичаено во определена временска рамка, а динамиката тешко може да се утврди. Постојниот извештај предлага методологија која овозможува **следење на динамиката на скриената економија и нејзините составни делови во текот на определен временски период (пр. скриен обрт, скриена работа, итн.)**. Со ова би се овозможило Владата на Македонија и нејзините европски партнери да го **следат влијанието и да ја проценат ефикасноста на нивните политики за справување со скриената економија**.

Според проценките, уделот на **скриената економија** во Македонија се движи **помеѓу 24% и 47% од БДП**, пресметано според различни мерни методи. Сепак, дури и најконзервативните резултати налагаат дека станува збор за сериозен социоекономски проблем за земјата. Во време кога други земји се справуваат со мерките на штедење како последица на светската економска криза, при барањето начини како да се зголемат јавните приходи, многу често, на феноменот на скриена економија се гледа како на потенцијален извор на приход и како цел на нови социјални мерки. Сепак, скорешното искуство во Грција и во други земји на јужна и источна Европа укажува дека **краткорочните мерки за сузбивање на скриената економија многу тешко произведуваат опипливи резултати**. За ова е потребна **заедничка јавно-приватна платформа за осмислување на долгорочни мерки** за борба со скриената економија и за континуирано следење на напредокот во поголеми временски интервали.

Овој извештај наведува дека процентот на скриените плати останува најакутниот загрижувачки проблем, со процент од околу **40% од платите во Македонија кои се целосно или барем делумно непријавени**. Понатаму, **7% од сите работници во Македонија работат без договор** и не им се исплаќаат никакви придонеси за социјално осигурување. Интервјуираните претставници на деловниот сектор во своите искази ги потврдуваат овие практики на разновидни облици на прекршување на Законот за работни односи. Повеќе од половина од испитаниците тврдат дека потпишувањето договори со „скриени клаузули“ (во кои не е наведен полниот износ кој му се исплаќа на работникот) се вообичаена практика во нивниот сектор. Понатаму, **големиот обем на затајување данок се чини дека останува сериозен проблем за македонската економија и за социјалниот систем**, а Владата се обидува да ги прилагоди за да бидат компатибилни со принципите на пазарната економија без притоа да наметнува прекумерно раскинување на социјалната кохезија и социјалните придобивки од минатото.

**Најважниот отежнувачки фактор поврзан со скриената економија во Македонија е опаѓачката, но сѐ уште висока стапка на невработеност (27.3% од 1К 2015)**. Екстремно високата стапка на долгорочна невработеност (која е околу 80% од невработените) во земјата

налага дека многу од невработените мора да се ангажирани во некаков вид скриена активност за да остварат барем некое основно ниво на егзистенција. Овие непријавени работници најчесто ги наоѓаме во индустриите и услужните дејности во кои трансакциите најчесто се реализираат во готовина, вклучувајќи и цела низа занаетчиски услуги, зелените пазари, итн. Превисокиот удел на овој тип дејности во пазарот на скриената економија, кои се единствен извор на приход за таа популација, уште повеќе ѝ отежнува на Владата при обидот да се справува со различните форми на непријавена работа без да ги прекрши основните човекови права на оваа група луѓе. Друг **моќен фактор кој ја подгрева скриената економија се чини дека се распространетиот шверц и недозволена трговија со добра преку границите**, што е евидентно од споредбените статистички пресметки со другите земји. Последново укажува дека повеќе од една третина од увозот е скриен од одредени трговски партнери. Уште позагрижувачко е тоа што, според анализата, компаниите кои имаат блиски врски и заштита од политичките и партиските кругови остваруваат значително голем дел од овој скриен извоз.

Официјалните државни податоци укажуваат дека **даночната дисциплина на домаќинствата и правните лица во изминатата декада е во постојан пораст**. Сепак, анализата на скриената економија на ЦИКП/ЦИД индицира дека една третина од испитаниците кои работат во деловниот сектор потврдиле дека во Македонија манипулирањето со ДДВ и правењето други сметководствени трикови со цел да се избегне плаќањето даноци е вообичаена практика, и се случува во различен обем. Дотолку повеќе што избегнувањето даноци во голема мера го прави најсиромашниот слој на општеството, што ги прави уште поранливи припадниците на овие слоеви бидејќи можат да станат цел на кривичен прогон поради неподмирени обврски или да се оптоварат со плаќање големи казни. Од друга страна, **повратот на ДДВ доцни, што е дополнителен товар за компаниите кои се дел од формалната економија**. Друг нерешен проблем останува неиздавањето фискални сметки, бидејќи дури **помалку од една третина од испитаниците потврдиле дека секогаш добиваат фискални сметки** кога купуваат намирници. Слична тенденција постои и кај издавањето сметки за купување различни услуги.

Упорниот тренд на висок удел на скриената економија во македонскиот БДП се заканува да ги заостри социјалните тензии и да создаде средина во која може да цветаат корупцијата и другите незаконски или полузаконски деловни активности. Дополнително, **избегнувањето даноци е најраспространето помеѓу најсиромашните граѓани**, што ги прави уште поранливи бидејќи можат да станат цел на кривичен прогон поради неисплатени обврски, или да се оптоварат со плаќање на големи казни. Оттаму, од суштинска важност е Владата на Македонија и понатаму да посветува големо внимание на решавање на ова прашање и да ги координира своите мерки и активности со бизнис-секторот, организациите на граѓанското општество и другите засегнати чинители.

Согласно иницијативите покренати од 28-те земји членки на ЕУ, во периодот по економската криза од 2008 Владата на Македонија усвои низа мерки со намера да го ограничи вкупниот удел на скриена економија во бруто-домашниот производ на земјата. Овие мерки произлегуваат и од неолиберални и од социјалдемократски рецепти. На пример, **Владата воведе рамен данок на доход и донесе закони со кои се поедноставуваат процедурите за отпочнување бизниси, воспостави прогресивна рамка за намалување на придонесите за социјално осигурување**, но изгласа и прогресивна минимална плата и субвенции за самовработените. Понатаму, Владата неодамна отпочна низа **кампањи за јакнење на јавната свест** со цел да се спротивстави на скриената економија. И покрај некои скорешни мерки во

насока на формализирање на трудот и бизнисите, **фокусот е најмногу ставен на репресивни и казнени мерки**, со што се ограничува опфатот и делотворноста на јавните политики кои се насочени кон скриените економски активности.

Законите и иницијативите донесени неодамна доведуваат до смалување на уделот на скриената економија во вкупниот БДП, и исто така го поедноставиле и олесниле процесот на формализирање на работните места. Конкретно, се зголемиле **даночните приходи од придонесите за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување во Македонија**, и покрај намалувањето на процентот на придонесите од бруто платата. Понатаму, половина од интервјуираните управители на деловни субјекти се согласиле дека сегашниот даночен систем е добар и стимулативен за растот на нивните компании, што укажува дека реформите за поедноставување на даноците и нивната „регулаторна гилотина" се исчекор во вистинската насока. За да се овозможи одржливост на овие трендови, советот до Владата би бил да се воведе редовен надзор и евалуација на ефектот од вложениот напор на регулаторните агенции за мотивирање на деловните субјекти и домаќинствата, т.е. начинот на којшто всушност се прибираат даноците и како се спроведува системот на казнување од страна на даночните власти. Посебно внимание треба да се посвети на работата на царинската служба. **Треба да се охрабри трудовиот инспекторат да прави разлика помеѓу криење на работниот однос од егзистенцијални или од други причини** и да дејствува соодветно на тоа, со избалансирана примена на законот, стимулативните мерки и едукацијата.

**Веројатно е дека економскиот раст во 2015 и 2016 ќе ја намали стапката на невработеност**, што, во комбинација со регулаторните реформи во трудовите политики, даночниот систем и инспекциите, ќе влијае врз степенот на скриената економија, и како последица на тоа, врз ризикот од сиромаштија и социјална исклученост на која се предодредени непријавените работници. Сепак, Владата на РМ треба и понатаму да работи на **јакнење на институционалниот капацитет на регулаторните власти** за сузбивање на активностите во скриената економија со цел да се **подобри севкупниот квалитет на јавните добра, вклучувајќи го владеењето на правото и доброто управување**. Ова последното може да биде проблем, според податоците изнесени во Светскиот економски преглед на ММФ од април 2015, кои велат дека генерално **износот на јавните приходи опаѓа почнувајќи од 2000 год., и уште од 2011 год. наваму е далеку под 30% од БДП**, што го подрива капацитетот на Владата да ги финансира јавните услуги. Со оглед на тоа што расходите не се смалуваат со еднаков интензитет како приодите, генералниот јавен бруто долг расте од 2008, што веројатно уште повеќе ќе го стеснува владиниот маневарски простор во иднина. Оттаму, македонската Влада треба да се зафати со политики на решавање на проблемот на скриената економија, вклучувајќи ги во ова како партнери граѓанското општество, бизнис-секторот, како и медиумите, и да отпочне со храбри реформи за драстично подобрување на ефикасноста при пружање на јавните добра и услуги.

И покрај фактот дека постои консензус, а често и притисок од ЕУ (преку извештаите за напредок на ЕУ) врз Владата на РМ за проактивна борба со скриената економија и за поефикасна координација помеѓу органите за спроведување на законот, ваквите политики треба внимателно да се имплементираат. Некои делови од скриената економија се суштински дел на Македонската економија во развој (пр. занаетчиство и непазарна економија, приватните часови на наставниците, градежните работи, сервисирањето автомобили, итн.) и како такви, Владата треба да најде начин да ги контролира и да ги ограничи нивните негативни

ефекти на долг рок, но зачувувајќи го изворот на приходи и работата, како и претприемачката активност како краткорочни придобивки. **Владата треба да има цел построго да се зафати со црната и сивата економија, почнувајќи со поголемите прекршители на законот, а да остави подолгорочните мерки и економскиот растеж да се справат со неформалната (непазарната) економија и микробизнисите**. Пронаоѓањето вистинскиот баланс е осетлива и тешка задача за Владата на РМ и за нејзините партнери. Стратегиите за легализација можеби имаат директен позитивен ефект во смисла на елиминирање на непочитувањето на законите и даночната недисциплина, но, исто така, може да ги редуцираат пазарите поради зголемените трошоци во платниот промет и поради зголемената законска дисциплина, или да дадат нефер предност на играчите на пазарот кои им се веќе познати на органите за спроведување на законот. И така, социјалниот и паричниот трошок на програмата чија цел е намалување на скриената економија во еден конкретен сегмент може да испадне повисок отколку трошокот и негативните последици на самата скриена економија. Обемот на скриената економија укажува на **недостатоци во интеракцијата помеѓу приватните и јавните чинители, кои се манифестираат во прекумерно законско регулирање, недоволна фискална и даночна дисциплина на компаниите или во сложени механизми на регистрирање на трговските друштва и неефикасни инспекциски власти и неефикасен судски систем**.

Иако е очигледен корисниот ефект на владините мерки усвоени неодамна насочени кон решавање на прашањето на скриената економија, оваа анализа предлага да се заземе повеќестран пристап со цел уште поефикасно да се застане на патот на негативните нуспојави на непријавената работа. Дел од овој пристап треба да бидат и систематски напори за искористување на официјалните и неофицијалните токови на дознаките од странство со цел формализирање на економијата. **Со цел поуспешно справување со негативните последици на непријавената работа и на сите аспекти на скриената економија, неопходна е подобрена размена на податоци и координација помеѓу различните државни органи, но и со организациите на граѓанското општество**. Напорите за градење партнерски односи со бизнисите и граѓаните посебно би биле важни за постигнување успешни ефекти од политиките за сузбивање на скриената економија. Исто така, многу е важно Владата потемелно да се посвети на решавање на проблемите на кои постојано и загрижено укажува Европската комисија во своите извештаи за напредок на земјата, а кои се однесуваат на недостигот на соодветна формална евалуација на преземените мерки, постојните проблеми кои се однесуваат на координацијата помеѓу различните органи за спроведување на законот, пр. даночната и царинската администрација, Министерството за труд, недостигот на трудови инспектори и недоволното финансирање на овој инспекторат, итн.

**Организациите на граѓанското општество во Македонија, исто така, треба да го зајакнат својот капацитет за да играат поактивна улога во надзорот и справувањето со проблемот на скриена економија преку постојано следење на состојбите и промовирање на најдобрите практики во регионот.** Потребни се и подобри евалуации на постојните политики базирани врз резултати и перформанси како и идни експертски анализи и истражувања во оваа област со цел да се постигнат подобри среднорочни и долгорочни ефекти. Сепак, најефикасна стратегија за сузбивање на проблемот со скриената економија останува да биде преземањето инвентивни чекори напред и зацврстување на веќе воспоставените позитивни европски практики со кои се подобрува општата макроекономска состојба во Република Македонија.

# 1. Вовед

Скриената економија е поим кој, и во академскиот и политичкиот дискурс, подразбира економска активност која отстранува од законски воспоставените правила и процедури за производство, испорака и евидентирање на добра и услуги. Честопати **придавката „скриена" ја заменуваат придавките „економија во сенка", „подземна", „неформална", „непријавена", „сива", „црна" и „неопфатена"** во обид за се објасни тој феномен, а изборот на најсоодветен термин зависи од различни фактори кои честопати не се поврзани со неговото изворно значење. Во овој извештај се користи терминот **„скриена"** економија наспроти другите можности поради три главни причини: а) под „скриена" се подразбира поширок спектар на економски активности, т.е. сивите/црните пазари, неформалниот сектор (непазарното производство) итн., со што подобро се опфаќа разноликата реалност во земјите на Југоисточна Европа; б) овој поим ги опфаќа и Индексите на скриената економија (население и деловни активности) и постојната експертиза на Центарот за изучување на демократија која ја проучувала скриената економија во Бугарија, која инаку е земја со слични економски карактеристики како и Македонија; и в) за да не се збунат читателите и да се направи разлика помеѓу различните пристапи при проучување на овој феномен кој го користат националните статистички заводи, кои ја одредуваат „неопфатената" економија во БДП преку системот на национални сметки.

Непријавената работа, даночната евазија, неуплаќањето придонеси за социјално и здравствено осигурување како и поврзаната корупција (насочена против откривање и казнување на ваквите појави) се едни од главните и најмалигните манифестации на скриената економија во сите земји. Сегашната криза во еврозоната и грчката должничка криза го зголемија интересот на владите за справување со скриената економија за да се намалат овие појави. Овие настани особено влијаат врз Македонија и другите земји од Западниот Балкан кои се изложени на високи нивоа на невработеност и сиромаштија, со тоа што политиките и мерките за создавање нови работи места и за остварување фискални приходи се главен интерес и клучна точка на интерес за владите во целиот регион, вклучително Македонија. **Ниските перспективи за растеж во ЕУ**, сложената геополитичка состојба во однос на релациите помеѓу ЕУ И Русија, како и постојаното влошување на состојбите во Грција, **ги ограничуваат можностите на Македонија за раст**. Сепак, прогнозите за 2015, според предвидувањата на Светската банка и ММФ се за годишен раст од околу 3% од БДП (2,7% од К-4-2014г.). Проценките на Народната банка на РМ се дури и повисоки, со прогнозирана стапка на раст од 4% за 2015 и 2016 (Кадиевска-Војновиќ, 2014), што дава солидна база за справување со проблемот на сивата економија. Сепак, пролонгираната политичка криза во Македонија ги парализираше институциите, ги блокираше политичките планови за сузбивање на скриената економија, а може да резултира и со значително пониска стапка на раст до крајот на 2015 и во 2016 година.

И додека скриената економија предизвикува низа последици (дури понекогаш и позитивни на краток и среден рок) и има одраз врз многу општествени слоеви, **таа секогаш има посебно негативно долгорочно влијание врз најранливите и најмаргинализираните групи во општеството**. Ова влијание понатаму се шири во маѓепсан круг, во култура на неформално работење, на сè поголема недоверба во управниот и даночниот систем, недоволно финансирање на јавните добра и услуги, здравство, образование и безбедност, социјална

исклученост и гетоизација, корупција и нееднаквост. Често перципирана како несреќна нуспојава на економијата во денешницата, „неформалната економија станува постојана, но подредена и зависна одлика на капиталистичкиот развој - Портес, Кастелс и Бентон (Portes, Castells and Benton 1989),"[1] истовремено предизвикувајќи различни степени на неформални економски активности во различни општества. Всушност, скриените економски активности од висок обем ги поткопуваат основните вредности врз кои почиваат демократските општества, со што се продлабочува еден друг феномен, а тоа е нееднаквоста. **„Во просек, споредено со формално пријавените работници, неформалните работници имаат пониски примања и се соочени со повисоки ризици, помалку е веројатно дека ќе уживаат економски погодности и правна заштита и имаат помала шанса да уживаат економски права и да се организираат."[2]**

Доколку државата на легитимен начин не ги врати довербата и почитувањето на законите, често организираниот криминал презема целосна контрола и ги извршува повеќето од функциите на државата, со сите пропратни девијации во нивното извршување. Сепак, доколку мерките се главно ограничени на казнени и репресивни и подеднакво се изрекуваат на деловните субјекти независно од нивната големина, обрт итн., само ќе се засили проблемот, со што примената на какви било превентивни мерки (едукација, продор до заедницата, зајакнување на дисциплината) би ја изгубила својата смисла.

Како земја-кандидат за влез во ЕУ, Македонија мора сеопфатно да се зафати со скриената економија и да се осигури дека политиките и мерките ќе бидат согласно најдобрите практики во ЕУ, истовремено барајќи инвентивни решенија кои се приспособени кон локалниот контекст. Соодветно на тоа, Индексот на скриената економија (Индекс на СЕ) кој е прикажан во овој извештај служи како важен инструмент кој помага при создавање и контролирање на имплементацијата на соодветните политики базирани на докази и на мерките за сузбивање на скриената економија. Овој Извештај за мониторинг на скриената економија нуди сеопфатна анализа на моменталниот статус на скриената економија во Македонија, врз основа на сознанијата од низата темелни анализи во кои се третираат причините и последиците на скриените економски активности и индексите на скриената економија за населението и деловниот сектор во Македонија. Поради недостиг на повеќегодишни податоци за индексите, во Извештајот тие се споредуваат со вредноста на индексите за Бугарија за 2013 г., за да се добијат споредливи вредности. Извештајот има цел креаторите на политиките и засегнатите чинители во Македонија да најдат практични решенија во однос на проблемот со скриената економија, со конкретен фокус на положбата и правата на најранливите групи во македонското општество. Ставовите и заклучоците во извештајот се базираат врз низа извори, вклучувајќи консултирање анализи, изворни податоци од анкета на домаќинствата и деловните субјекти, кратки анализи и медиумски написи за работилници на засегнатите страни, вклучувајќи ги тука граѓанското општество, медиумите, владините институции итн. Дополнителна придобивка за извештајот се информации од консултациите со засегнатите страни околу формирање на **Работната група за Скриена економија во Македонија, што може да послужи како корисен јавно-приватен форум за размена и создавање идеи за политики и за евалуација на политичките позиции** во иднина.

---

[1]Chen, Martha, Alter *(2012).The Informal Economy: Definitions, Theories and Policies.* Пристапено онлајн на 07.03.13на: http://wiego.org/sites/wiego.org/files/publications/files/Chen_WIEGO_WP1.pdf
[2]*ILO (2013) Labour inspections and undeclared work in the EU. Пристапено од:*http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_dialogue/---lab_admin/documents/publication/wcms_220021.pdf

## 2. Скриената економија: преглед на концепти, дефиниции и мерење

Концептот на „скриена економија“ не е нов во македонската и академската јавност, иако самиот термин досега не бил употребуван. Најчесто користени термини се „сива“ или „неформална“ економија, кои државните власти ги употребуваат во нивните стратешки документи (Акциски планови), во медиумите и најголемиот дел од академската јавност. Таа се дефинира како „економски активности кои се законити, но (намерно) не се регистрираат и евидентираат, за да се избегне оданочување“.[3]Сепак, во толкувањето на „сивата“ економија во меѓународни рамки, под влијание на бизнис-заедницата се подразбира ситуација и пазари каде што производите се увезуваат легално и се продаваат со уплаќање на сите даноци на државата, но ова се врши надвор и спротивно на правилата на дистрибутивните канали на производителот (за повеќе информации види Сугден, 2009). Со постепеното јакнење и подобрување на системот на правата од интелектуална сопственост во Македонија, се очекува поимот „сива“ сѐ повеќе да се користи и во контекст на ваквиот тип „паралелни“ увози и неовластено тргување.

Истовремено се чини дека неформалната економија постојано напредува со создавање нови форми на неформални активности, кои постепено се институционализираат и се претвораат во нови формални бизнис-активности. За компании како Uber, Airbnb, HomeJoy, Snapcar, и TaskRabbit моменталната треска на „економијата на споделување” е токму дел од овие процеси. Критичарите велат дека тие само ја нудат технологијата и го спасуваат достоинството на неформалните работници. Во минатото, владите решиле да го легализираат работниот статус на многу неформални работници со тоа што побарале од нив да уплаќаат едноставен данок на патент. Всушност, никој не го знае вистинскиот обем на економски активности и тие остануваат делумно скриени и се предмет на проценки од гледна точка на нивниот удел во БДП. Друг пример за нова растечка форма на неформална економска активност е играњето игри преку кои може да се заработуваат виртуелни пари (пр. Биткоини[4]), кои може да се заменат за виртуелни производи или услуги, кои другите играчи ги чинат вистински пари. Некои влади веќе донеле одлуки да ги оданочуваат ваквите заработки или барем замената на виртуелните пари за готовина (во случај доколку играчот заработил нешто). Оттаму, веќе постои предизвикот како неформална економија да се опишуваат и економски активности кои се надвор од вообичаените формални граници на организациите и на постоечки сектори/ пазари.

Воглавно, економистите и креаторите на политики нудат широк спектар на термини и дефиниции во литературата достапна на оваа тема, во зависност од нивната институционална перспектива. Овој социоекономски феномен се нарекува најразлично, како неформална, неофицијална, непријавена, нерегуларна, економија во сенка, скриена, подземна, црна, нелегална, незаконска, девијантна, сива, паралелна, неопфатена, неевидентирана, нерегистрирана, економија вон регуларните токови, со уште поголем број толкувања достапни на сите јазици. Иако сите термини и дефиниции упатуваат на општата констатација дека

[3]Акциски план за сивата економија 2014, МТСП, 2013

[4]Проверете што се Биткоини на: https://bitcoin.org/en/

станува збор за неевидентирани економски активности, сите се разликуваат во нијансите зависно од нивната цел и форма. На пример, Европската комисија повеќе се фокусира на непријавената работа и ја дефинира како **„каква било платена активност која по својата природа е законска, но не е пријавена пред властите, земајќи ги предвид разликите во регулаторниот систем на земјите-членки."**[5] Со оваа дефиниција се покриваат најразновидни активности, исклучувајќи ги, притоа, криминалните дејствија. Моделот на неформалност на Светската банка[6] ги посочува причинителите и составот на скриената економија. Некои од главните автори во ова поле, како што се Шнајдер и Вилијамс (2013), велат дека сивата економија: **„го вклучува сето пазарно-базирано производство на законити добра и услуги кои намерно се затскриваат од јавните власти поради следниве причини**:




Извор - Schneider, Friedrich; Williams, Colin "The Shadow Economy," The institute of Economic Affairs 2013, pp 23-27, Пристапено на 01.06.2014 на: http://www.iea.org.uk/sites/default/files/publications/files/IEA%20Shadow%20Economy%20web%20rev%207.6.13.pdf

Feige (1979), кој бил еден од првите кои академски го проучувале ова прашање, зборува за подземна и нерегуларна економија. Различни научни школи препорачуваат различни методи, директни и индиректни, за мерење на скриената економија. Најчесто користените се наведени во Табела 1.

## Табела1–Најкористени методи за мерење на скриените економски активности

| Директен пристап | Индиректен пристап |
|---|---|
| • Репрезентативни студии за скриените економски активности<br>• Студии за временско буџетирање<br>• Даночни контроли<br>• Студии за даночниот јаз<br>• Споредбени статистички пресметки | • Монетарни методи<br>• Методи базирани на разлики во приходи и расходи<br>• Методи базирани на разлики во понуда и побарувачка на работна сила<br>• Метод на физички инпут (наспроти официјален производ), пр. трошење на ел. енергија<br>• Повеќе индикатори – повеќе причини (MIMIC) |

[5]Комунике од Европската Комисија COM(2007) 628 финално. Пристапено од: http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2007:0628:FIN:EN:PDF

[6]*Chen, M., A., The Informal Economy: Definitions, Theories and Policies (2012).* Пристапено онлајн на 07.03.13 од: http://wiego.org/sites/wiego.org/files/publications/files/Chen_WIEGO_WP1.pdf

Во мерењето на скриената економија во светот и во Македонија преовладуваат **индиректните методи**. Повеќето истражувачи и институции се фокусираат на динамичниот општ модел на двосекторска рамнотежа[7], Методот на потрошувачка на електрична енергија (ECM)[8], методот Повеќе индикатори-повеќе причини (MIMIC)[9,10], и Методот на понуда и потрошувачка, т.е. користење на прилагодувања на домашниот БДП како мерка за проценка на неопфатената економија (НОЕ)[11]. Од друга страна, **директните методи** се претставени со повремени директни анкети на населението на ниво на држава[12], и на ниво на трговски друштва[13], и со Анкетата за работна сила[14]. Иако, генерално кажано, академските истражувачи ги преферираат индиректните методи и силно ги критикуваат директните методи, експертските организации и креаторите на политиките повеќе ги сакаат директните методи бидејќи нудат поажурирана информација, што се чини дека е попрецизно од проекциите за тековната година кои се базираат на податоци од пред неколку години. Сепак, директните методи, иако се предмет на многу дебати, доколку испитаниците понудат релевантни и валидни податоци и зависно од карактеристиките на општествениот феномен кои треба да се измерат, имаат незаменлива сила – тие се очекува брзу да понудат цврсти емпириски докази во случај одредена реформа да почне да ја забавува скриената економија.

Учеството во скриената економија има малку различни причини, мотиви и облици, во зависност од тоа дали разгледуваме деловни субјекти (дури и нерегистрирани) или поединци. Morris и Polese (2015) нудат најразлични студии на случај од различни земји, кои се бават со причините зошто фирмите и поединците влегуваат, остануваат или излегуваат од скриената економија. Fajnzylber и Maloney (2007) нудат образложенија за тоа зошто во одредени случаи фирмите се попродуктивни кога дејствуваат во економијата во сенка и зошто, за да излезат од неа, политиките треба да бидат устроени на начин да остваруваат поголема продуктивност во формалната економија. **Обично фирмите имаат поголема преговарачка моќ во однос на работниците и тие ги диктираат одлуките и непријавената или скриена работа е поврзана со скриени приходи со цел да се гарантира непријавената готовина со која се исплаќаат платите.** Сепак, во одредени периоди при комбинирање на надворешните фактори (пр. промена на законите или притисок од страна на инспекциските власти) со внатрешните фактори, работниците повеќе сакаат да прикажат пониска нето плата, со што можат да подигнат повисок кредит/хипотека. Овие фактори довеле до намалени нивоа на скриена работа во Бугарија веднаш по пристапувањето во ЕУ. Сепак, во некои случаи скриената работа не претставува само излез од формалниот пазар, туку исклучување од него (Perry, 2007) и е резултат од социјалната вкоренетост (White, 1992). Оттаму креаторите на политиките треба да имаат индикатори, што ја земаат предвид перспективата, дали е поединечна или од гледна точка на фирмите, за делумно да се утврди мотивацијата за вклучување во различни скриени економски активности. Ова се постигнува во Извештајот преку имплементирање на двата индекса на скриената економија, едниот базиран врз перцепцијата на деловните субјекти, (за структурата на индексот види Приказ 1), а другиот од перспектива на граѓаните (за структура на индексот види Приказ 2), кои се користат во овој Извештај.

---

[7] Elgin, C. and Öztunali, O. (2012) *Shadow Economies around the World: Model Based Estimates*. Istanbul: Bogazici University, Department of Economics.

[8] Garvanlieva, V., Andonov, V., Nikolov, M. (2012) *Shadow Economy in Македонија*. Skopje: Center for Economic Analyses

[9] Ibid,

[10] Schneider, F., Buehn, A. and Montenegro, C. (2010) *Shadow Economies All over the World. New Estimates for 162 Countries from 1999 to 2007. Policy Research Working Paper 5356*. Washington D.C.: World Bank Group.

[11] ДЗС

[12] Stankovic, M. and Stankovic, B. (2012). *Social and economic aspects of the shadow economy in the Republic of Македонија: A study*. Social Science Research Network [Online]. Достапно на: http://ssrn.com/abstract=2162922 (Пристапено на 30.06.2014).

[13] World Bank. (2014) *Enterprise Survey 2013. Country ProfileMacedonia*. Washington D.C.: World Bank Group.

[14] Државен завод за статистика (ДЗС)

## Приказ 1 - Структура на индексот на скриената економија (деловни субјекти).

1. **Обем на скриената економија** – овој индекс ги обединува субјективните перцепции на сопствениците на бизнисите и извршните директори во однос на обемот на скриената економија во земјата во целина, и во рамки на нивниот сектор на економска активност. Тука се вклучени два подиндекса:
   1.1. субјективна проценка на уделот на скриената економија во земјата во целина;
   1.2. субјективна проценка на уделот на скриената економија во нивниот сектор на економска активност.

2. **Скриени работни односи** – во кои се отсликува практиката на ангажирање лица без формални договори, или со договори во кои не е наведен вистинскиот паричен надоместок. Содржи два подиндекса:
   2.1. удел на работници без договор во односниот сектор;
   2.2.удел на работници со договори со „скриени клаузули“ во односниот сектор (плати во плик).

3. **Скриен обрт** – го опфаќа степенот на присуство на различни начини за прикривање на обртот во односниот сектор на економска активност. Во индексот се содржани следниве подиндекси:
   3.1 неиздавање потврди за извршена продажба во односниот сектор;
   3.2 прикажување приходи пониски од вистинските во односниот сектор;
   3.3 прикажување на заработка пониска од вистинската во односниот сектор;
   3.4 незаконски увоз/извоз во односниот сектор.

4. **Скриена прераспределба** – се однесува на деловната практика на криење/неуплаќање даноци, давачки, и/или акциза, како и измами со ДДВ преку сметководствени трикови. Сочинета е од два индекса:
   а. Криење/неуплаќање даноци, давачки и акцизи во односниот сектор;
   б. Измами со ДДВ во односниот сектор.

**Извор–Центар за изучување на демократијата (ЦИД)**

## Приказ 2 – Структура на индексот на скриената економија (население).

1. **Скриено вработување** – овој индекс ја обединува виктимизацијата при вработување по однос на главните начини за прикривање на даноците и социјалното и здравственото осигурување на сметка на државата и работникот. Тука се вклучени три подиндикатори (непријавена работа, скриено социјално осигурување и скриено здравствено осигурување):

   1.1. Непријавени работни места
   1.1.1. Удел на работно ангажирање без формални договори
   1.1.2. Удел на вработени без скриени клаузули
   1.2. Скриено социјално осигурување
   1.2.1. Удел на вработени без социјално осигурување
   1.2.2.Удел на вработени со делумно уплатено социјално осигурување
   1.3. Скриено здравствено осигурување
   1.3.1. Удел на вработени без здравствено осигурување
   1.3.2 Удел на вработени со делумно уплатено здравствено осигурување

2. **Скриен обрт** – го опфаќа степенот до кој не се издаваат документи и фискални и сметки при купување. Индексот ги вклучува следните подиндикатори:

   2.1 честота на неиздавање потврди за платен данок за поголеми трансакции;
   2.2 честота на неиздавање потврди за платен данок за одредени услуги
   2.3 просечна зачестеност на неиздавање фискални сметки за купување одредени групи на роба во малопродажба.

**Извор – Центар за изучување на демократијата (ЦИД)**

## 3. Скриената економија во Македонија во контекст

Во текот на изминатите 24 години, македонската економија бележи силен, но често хаотичен развој на малите и средни претпријатија (МСП), што води кон усвојување низа нови, често спротивставени и недоволно јасни мерки и политики, посебно што се однесува до финансиската законска регулатива. Спроведувањето на законите и судството се клучни фактори за ефикасно функционирање на пазарната економија. Низ годините, бавната правда и политиките или семејните познанства на раководните структури во органите задолжени за спроведување на законите со моќните бизнисмени создава кругови на недопирливи личности. Граѓаните кои не им веруваат на владата и државните јавни услуги, а кои заработуваат плати кои не се доволни да заштедат повеќе, повеќе сакаат да примаат неоданочени плати за да го заштедат делот наменет за социјално и здравствено осигурување. Сите овие фактори, поможени со нормалниот деловен инстинкт да се минимизираат трошоците од деловното работење, создаваат можност за скриена економија во земјата. Скриената економија во Македонија дополнително расте со почетокот на глобалната економска криза во 2007 година, кога граѓаните биле втурнати во финансиски теснец. Како последица на тоа, Македонија искусила пониски странски директни инвестиции по глава на жител, во споредба со другите земји во регионот, помала расположливост на кредити, како и поголем трговски дефицит, што резултира во мотивираност на граѓаните да се вклучуваат во скриена економија за да заработат повеќе, што резултира во притисок врз стапката на невработеност[15].

Во зависност од користениот метод, за Македонија проценките за скриената економија варираат од 24% од БДП со користење на методот ЕСМ (Потрошувачка на струја) (ЦЕА, 2012), 30% од БДП според Министерството за економија (со користење на пресметките на Анкетата за работната сила кои ги презентираше Новковска, 2013[16]), до исклучително високата проценка за скриена економија од 46,9% (ЦЕА, 2011) како удел од БДП со користење на методот MIMIC (Multiple Indicator Multiple Causes). Преку користење на методот ЕСМ, Центарот за економска активност ЦЕА проценува дека околу 70.000 лица работат, но се регистрирани како невработени во Македонија. Главната причина за користење на овој метод е бидејќи потрошувачката на струја во земјата општо се смета дека е сообразна со вкупната економска активност. Ова значи дека растот на вкупната потрошувачка на струја е индикатор за растењето на вкупниот (официјален и неофицијален) БДП. Како резултат на ова, потрошувачка на струја која не

> **„Најголемиот проблем при известувањето за скриената економија е неможноста да се добие официјална статистика и податоци во однос на овој проблем. Понатаму, само мал дел од засегнатите (установи, работодавачи, работници) се подготвени отворено да зборуваат за овој проблем. Вообичаено, одговорите кои ги добиваме од државните установи се премногу општи и ретко можат да се искористат како релевантен индикатор за вистинската состојба.“**

[15] Nikolov et al. 2012, *Shadow Economy in Македонија*, Centre for Economic Analysis (CEA) http://www.cea.org.mk/documents/studii/CEA%20SHADOW%20ECONOMY%20IN%20МАКЕДОНИЈА%20FINAL_4.pdf

[16] Novkovska, B. (2008) Measuring Non-standard and Informal Employment in the Republic of Macedonia. Paper presented at the workshop *Measurement Informal Employment in Developed Countries WIEGO*, Kennedy School of Government, Harvard University, 31 October – 1 November 2008.Пристапено од: http://wiego.org/sites/wiego.org/files/publications/files/Novkovska_Measuring_informal_empl_Macedonia.pdf

соодветствува со промените во вкупната економска активност во земјата укажува на одредени промени во обемот на скриената економија во рамките на вкупната економска активност. Сепак, методот може да има структурни мани, бидејќи не ги објаснува стапките на енергетска ефикасност и развојот низ годините во тој дел, ниту, пак, успешно разграничува по однос на енергетски поинтензивните сектори и деловните субјекти.

Настрана расчекорот помеѓу резултатите од овие методи, тие сите покажуваат дека уделот на скриената економија е значителен и системски и дека постојано треба да се третира и следи. **Големо мнозинство од 73,9% од фирмите тврдат дека се натпреваруваат со нерегистрирани економски субјекти (со што сите вработени во тие субјекти даваат придонес во скриената работна сила), а 54,9% тврдат дека конкуренцијата во неформалниот сектор е голем пречка за растот на нивните бизниси (World Bank, 2000).** Нерегистрираната економија, која функционира комплетно настрана од законите, укажува на комплетна недоверба во институциите на државата и нуди примери за тоа каде се поматуваат границите на Коузовите фирми и пазари кои се препознатливи само за оние кои се долгогодишни инсајдери, во отсуство на државна контрола. Од перспектива на политиките, приоритетно е најпрво да се инкорпорираат деловните субјекти, да се регистрираат договорите за работа и потоа да се размисли за идеи како да се зголеми даночната дисциплина.

Учеството во скриената економија има различни причини, мотиви и облици, во зависност од тоа дали разгледуваме деловни субјекти (дури и нерегистрирани) или поединци. Morris и Polese (2015) нудат најразлични студии на случај од различни земји, кои се бават со причините зошто фирмите и поединците влегуваат, остануваат или излегуваат од скриената економија. Fajnzylber и Maloney (2007) нудат образложенија за тоа зошто во одредени случаи фирмите се попродуктивни кога дејствуваат во економијата во сенка и дека, за да излезат од неа, политиките треба да бидат устроени на начин преку кој ќе се остварува поголема продуктивност во формалната економија. Обично фирмите имаат поголема преговарачка моќ во однос на работниците и тие ги диктираат одлуките и непријавената или скриена работа е поврзана со скриени приходи со цел да се гарантира непријавена готовина со која се исплаќаат платите. Сепак, во одредени периоди при комбинирање на надворешните фактори (пр. промена на законите или притисокот од страна на инспекциските власти) со внатрешните фактори, работниците повеќе сакаат да прикажат пониска нето плата, со што можат да подигнат (повисок) кредит/хипотека. Преку овие фактори почнаа да се намалуваат нивоата на скриена работна сила во Бугарија веднаш по пристапувањето во ЕУ. Сепак, во некои случаи скриената работа не претставува само излез од формалниот пазар, туку исклучување од него (Perry, 2007) и е резултат од социјалната вкоренетост (White, 1992). Оттаму, креаторите на политиките треба да имаат индикатори што ја вклучуваат и перспективата, дали е од поединечна или од гледна точка на фирмите, за делумно да се утврди мотивацијата за вклучување во различни скриени економски

**Графикон 1 – Опфатено неформално вработување (како % од вкупното вработување по години) Извор:Анкета за работна сила 2013, Државен завод за статистика (ДЗС)**



активности. Ова во Извештајот се постигнува преку имплементирање на двата индекса на скриената економија – од гледна точна на деловните субјекти (за структурата на индексот види Приказ 1) и од перспектива на граѓаните (за структура на индексот види Приказ 2),

Бидејќи според истражувањето (на A.T. Kaerney, 2014) постои силна корелација помеѓу даночните стапки во државата и степенот на скриената економија, Владата на РМ во 2007 и 2008 година се решила за воведување систем на рамен данок, со кој персоналните даноци се смалиле на 12% во 2007 и на 10% во 2008 за сите групи на приходи. Иако скриената економија останува висока како удел во БДП, според повеќето академски истражувања, постојат проценки, како на пример, тие од Гарванлиева и др. (2012), дека ефектите од оваа конкретна мерка се: зголемена даночна дисциплина, поедноставување на даночниот систем, подобрено деловно опкружување, зголемено привлекување на СДИ, зголемено уплаќање придонеси во буџетот и севкупно опаѓање на стапката на скриени економски активности. Негативноста може да биде долгорочна ерозија на приносите на државата од даноци. Според податоците, вкупните приходи на Владата како удел од БДП постојано опаѓаат уште од 2002, што само го осуетува капацитетот на властите успешно да ги реализира јавните услуги за граѓаните. Ова посебно се случува во периоди на пролонгирана стагнација на растот.

**Графикон 2 – Неопфатена економија (НОЕ) во Македонија 2008-2012, како % прилагодено од годишниот БДП. Извор: Извештаи за БДП на ДЗС**




**Ажурираните корекции на НОЕ во однос на БДП за 2008-2012 седостапни на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/3.4.14.04.pdf**

Според Анкетата за работна сила за 2013 спроведена од ДЗС, скриеното вработување како процент од вкупно вработените почнувајќи од 2013 г. изнесува 22,5%, (Графикон 1). ДЗС го користи скриеното вработување за да ги вклучи сите непријавени работници (оние без покриена социјална и правна заштита), независно дали се: вработени во регуларни фирми, нерегистрирани или субјекти без правен статус, самовработени лица со свои претпријатија или во домашниот сектор. Скриената работа постојано бележи надолен тренд во текот на изминатите неколку години, што е индикација на придвижување на трудот кон формализирање на вработувањето. Неодамнешната економска криза и нејзиното продолжено влијание го зголемила стравот од растење на непријавената економија. Сепак, со користење на други проценки „тековната економска криза не го преобратила претходниот тренд на значителен пад во големината на непријавената економија како удел од БДП" (Williams и Renoy, 2013).

ДЗС, исто така, констатирал раст на неопфатената економија (НОЕ). Сепак, со користење на новата методологија ESA 2010 на националните сметки, **НОЕ бележи тренд на порамна линија која останува на околу 20% од БДП** во текот на периодот 2008 - 2012. НОЕ ги опфаќа сите продуктивни активности кои не можат да се покријат со основните извори на податоци кои се користат за прибирање на националните сметки. Тоа се следните активности: подземни, неформални (вклучително и активности кои ги обавуваат домаќинствата, но за свои потреби и крајна намена), незаконски и други активности кои се иземени поради недостатоци во

основното прибирање на податоци. Неопфатната економија (НОЕ) веројатно е најблискиот поим до скриената економија во споредба со сите други, но сепак националните заводи за статистика обично се под притисок да ја занемарат поради различни причини: **прво**, политички доколку проценките се на високи вредности, опозицијата ќе ја критикува владата за неефикасно менаџирање на даночните политики, **второ**, за земјите-членки на ЕУ повисока неопфатна економија би значела повисоки исплати за буџетот на ЕУ, **и трето,** поради веројатноста граѓаните да не веруваат во повисоката стапка на раст од она што го индицира повисокото ниво на неопфатна економија.

Согласно податоците на НБРМ, просечното учество на готовина во масата на пари за периодот 2001 - 2010 изнесувала неверојатни 44%. Според НБРМ, во 2012 на подигање готовина од банкомати отпаѓале 79% од вкупната вредност на трансакциите извршени со платежни картички[17]. **Готовината обезбедува анонимност при платежните трансакции и не може да се следи, што ја прави моќна алатка и стимулатор на скриената економија.** Од друга страна, поради недостиг на судска заштита на деловните субјекти и избегнување на обврските, во состојба кога готовината преовладува и при неефикасни механизми на рефундирање, сето ова ги условува компаниите да бараат и реализираат исплати со користење на готовина[18] (Неновски, 2012).

Според Светска банка (Hudson et al., 2012), неформалната конкуренција во скриената економија во Македонија изнесува скоро 20% од просекот во Југоисточна Европа. Извештајот налага дека криењето е во обратна корелација со регионалните инспекции и банкарски кредити. Други фактори, освен инспекции и банкарски кредити, се надворешните фактори, како што се, на пример: растењето на политичката нестабилност, логистички проблеми и проблеми врзани со добивањето на различни дозволи, и сите имаат тенденција да ги зголемат проблемите на фирмите кои се кријат. Сепак, не се сите фирми кои се кријат еднакви, како што покажува Јаламов (2012) за Бугарија – ендогените фирми на политичките кругови се всушност почесто (успешно) затскриени и ги заобиколуваат регулативите. Фирмите кои не се поврзани ќе потплатат за да завршат работа, и оваа пракса тие ја земаат здраво за готово. Не постојат причини за сомневање дека македонските политички поврзани фирми би се разликувале од овој тренд. **Големиот удел на скриениот увоз за Македонија (помеѓу 20 и 33% од увозот од важните трговски партнери) укажува на силната контрола врз Царинската управа од страна на политички поврзаните увозници**. За возврат, тие ги финансираат политичките партии/реизборите на нивните патрони; но сепак, ова е обично поевтино отколку митото кое го плаќаат фирмите кои ги немаат тие врски.

[17]http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/WebBuilder_Prezentacija_Strategija_PS_2013_2017.pdf , p.20

[18]Nenovski, Tome; (2012) “The Grey Economy in Македонија: Macroeconomic Aspects, Implications and Possible Problem Solutions”, (20 Journal of Sustainable Development, Vol. 5, Issue 10, March 2014. Преземено од: http://www.fbe.edu.mk/JoSDv10.pdf

**Табела 2 – Споредба на мерењето на скриената економија**

| земја | неформална конкуренција % | просек на влијание | одлики | неформална конкуренција % | просек на влијание |
|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | 48.7 | 2.06 | млада | 41.9 | 1.57 |
| Босна и Херцеговина | 48.8 | 1.35 | не е млада | 45.4 | 1.57 |
| Бугарија | 48.7 | 1.67 | мала | 50.8 | 1.69 |
| Хрватска | 40.0 | 1.48 | средна | 42.8 | 1.60 |
| ПЈР Македонија | 69.6 | 2.08 | голема | 39.0 | 1.35 |
| Унгарија | 51.6 | 1.45 | странство | 36.0 | 1.17 |
| Косово | 63.2 | 1.55 | групи | 43.4 | 1.37 |
| Молдавија | 37.5 | 1.69 | рурални | 45.4 | 1.54 |
| Црна Гора | 32.7 | 0.95 | во град | 44.8 | 1.57 |
| Романија | 34.3 | 1.40 | големи градови | 45.0 | 1.61 |
| Србија | 53.6 | 1.61 | висок извоз | 26.6 | 1.06 |
| Словачка | 37.4 | 1.29 | среден извоз | 41.9 | 1.45 |
| Словенија | 24.2 | 1.06 | мал извоз | 47.6 | 1.65 |
| Украина | 41.5 | 1.78 | сите фирми | 45.1 | 1.57 |

**Извор: World Bank (2012) Evaluating the Impact of the Informal Economy on Businesses in South East Europe http://opus.bath.ac.uk/31397/Пристапено на 29 јуни 2015.**

Погледнато во поширок регионален контекст, пресметките укажуваат дека сивата економија во Македонија е највисока во регионот. Шнајдер и др. (2010) велат дека за земјите од Источна Европа и Централна Азија (најчесто земји кои биле во транзиција), „големината на државниот апарат и индексот на фискална слобода (обете го отсликуваат вкупниот државен долг) се статистички високи причинители за стапката на сивата економија, како и стапката на инфлација, растот на вкупната работна сила, како и растот на БДП по глава на жител“. Сепак, за економската слобода се утврдило дека е во негативна корелација со стапката на сивата економија во тие земји. Конечно, анализите укажуваат дека „со намалување на регулаторното оптоварување и со подобрување на деловната/економската слобода во земјите на ОЕЦД и транзиција, многу повеќе се намалува сивата економија отколку што тоа би се постигнало во земјите во развој“.[19]

Анализата на Еурофоунд (2013) забележува дека методот на Шнајдер нуди само „релативни вредности, потпомогнати со пристапот на побарувачка за валута за неколку земји (Австрија, Германија, Полска и Швајцарија)“, кои се калибрирани во апсолутни вредности.[20] Сепак, тие ги користат податоците на Шнајдер за споредба на непријавената економија во Македонија со 27-те земји-членки на ЕУ. Според податоците, Македонија е зад сите 27 земји од ЕУ, иако Романија и Бугарија се многу блиску.

---

[19] Schneider, F., Buehn, A. and Montenegro, C. (2010) *Shadow Economies All over the World. New Estimates for 162 Countries from 1999 to 2007. Policy Research Working Paper 5356*. Washington D.C.: World Bank Group.

[20] Eurofound (2013) *Tackling Undeclared Work in FYR Macedonia*

Додека Македонија се стреми да се интегрира со европските соседи, „неформалната економија останува многу важен предизвик“, според Европската Комисија која на Македонија[21] ѝ доделила статус на кандидат. Справување со сивата економија е клучен приоритет за Македонија да направи чекори кон членство во ЕУ, бидејќи значително големиот неформален сектор силно ја нарушува економијата[22], а може да доведе и до политичка нестабилност која може да им оди од рака на различни политички опции.

**Графикон 3 – Обем на непријавена економија, како % од БДП Извор: Шнајдер, (2011); според Еурофоунд, 2013**




[21] EU Inside, 2014, http://www.euinside.eu/en/news/western-balkan-countries-suffer-high-unemployment-lack-of-reformsПристапено на 30 јуни 2015.

[22] *Европска комисија, 2006, Профил на земја: Македонија*http://ec.europa.eu/enlargement/candidate-countries/the_Former_Yugoslav_Republic_of_Македонија/economic_profile_en.htmПристапено на 1 јули 2015.

# 4. Анкети и индекси за скриената економија: резултатите за Македонија

Врз основа на споредби на вредности на Индексите за скриена економија за населението и за деловните субјекти, граѓаните сметаат дека скриената економија е почеста (индекс 3,36) отколку сопственициte на деловните субјекти и менаџерите (индекс 2,73). Ова беше случај и во Бугарија во 2003 и 2009 год., кои беа едни од најуспешните деловни години за економијата во земјата во првата декада од 21 век. **Оваа разлика најмногу се должи на криењето во услужните дејности и неуплаќањето на целосни придонеси за здравствено осигурување.** Граѓаните се свесни и ја прифаќаат широко распространетата скриена економија како неизбежен дел од секојдневието; тие го разбираат нејзиното негативно влијание врз локалната економија, како и дека таа поттикнува нелојална конкуренција. **Тие, исто така, сметаат дека подмитувањето е однесување кое генерално се толерира, и дека тоа е еден од факторите за зачестеност на скриената економија.**

Сосема очекувано, перцепциите на бизнисите за нивоата на скриената економија во Македонија значително варираат кога се однесуваат на нивниот сопствен сектор и на национално ниво. Фирмите даваат пониска проценка за скриените економски активности во нивниот сектор, споредено со националното ниво. Подиндексот кој се однесува на големината на скриената економија базиран врз проценките на националната економија (и=3,98) изнесува над еден (1) цел индексен поен повисоко од проценките за поедини гранки (сектори на економска активност), што укажува на попрецизни проценки помеѓу секторот и економијата во целост, споредено со Бугарските индекси (каде што разликата е повисока или е поблиска до два (2)индексни поена). И додека подиндексите за скриената работа според проценките на бизнисите се многу блиску еден до друг, **подиндексите на граѓаните укажуваат на голем расчекор помеѓу непријавените работни места и неуплаќањето здравствено осигурување, што е обврска која најмногу се избегнува од сите социјални давачки.**

**Графикон 4 – Индекс на скриената економија и подиндекси (население)**
**Извор: Национална репрезентативна анкета на деловни субјекти и население, октомври, ЦИКП 2014**




**Заб. – Црвените столбови го преставуваат индексот и двата подиндекса. Синиот столб ги означува под-подиндексите.**

Во обата случаја, со деловните субјекти и граѓаните, подиндексот на скриената работа е повисок од вкупниот индекс, што индицира дека непријавувањето на работници е најсериозен фактор на скриената економија во земјата. Дополнително, состојбата се чини дека се влошува во очите на населението, наспроти сопствениците и менаџерите на деловните субјекти. Ова не изненадува бидејќи луѓето обично се гледаат себе како жртви или губитници поради недоволната социјална заштита, додека за многу бизнисмени скриеното вработување е начин за смалување на трошоците поврзани со работниците.

**Графикон 5 – Состав на индексот на скриена економија во споредба со Бугарија (деловни субјекти).**
**Извор: ЦИКП и ЦИД**




**Заб.: Темно-сините вредности се однесуваат на Бугарија, октомври 2013**

**Графикон 6 – Степен на согласување на граѓаните со прашања врзани со скриената економија (население). Извор: Национална репрезентативна анкета на населението, октомври, ЦИКП 2014**




Иако поголемиот број испитаници (над 60%) сметаат дека неуплаќањето даноци не треба да се толерира, сепак, секој четврти испитаник, што претставува значително висок процент од населението, смета дека треба да се толерира. Ова мислење е поврзано со **верувањето дека сивата економија е неизбежен дел од секојдневниот живот (68,5% од населението)** и од фактот дека најголемиот број од испитаниците сметаат дека државното здравствено и социјално осигурување не нудат доволно чувство на сигурност (56,4% од населението). **Оттаму, луѓето сметаат дека е неправедно што се уплаќа во овие фондови по пат на задолжително уплаќање придонеси.**

**Графикон 7– Проценка на испитаниците за обемот на скриената економија во однос на нивната економска дејност и националното ниво. (Q. C13_A).Извор: Национална репрезентативна анкета, октомври, ЦИКП 2014 (дел. субјекти).**




Воведувањето на рамниот данок на доход од 10% се совпадна и за Македонија и за Бугарија во 2008 год. Но, само во Македонија тоа довело до намалување на скриените вработувања. Во Бугарија намалување на севкупната скриена економија повеќе се постигнало преку

воведување на задолжително евидентирање на договорите за работа во Националниот институт за социјално осигурување од почетокот на 2003 год. и воведување на минималните прагови на социјално осигурување, кои влијаеле на намалување на даночните измами (Nonchev et. al., 2011).

## 5. Скриеното вработување

Структурната невработеност која датира од транзицискиот период по 1990-тите години и долгорочната невработеност која опстојува на околу 80% од неработените, сè уште претставува проблем за граѓаните и креаторите на политиките. Од 2014 год., стапката на невработеност паднала до 27,6% (265.370) лица), со тенденција за понатамошно опаѓање, но, сепак, граѓаните (57% од нив) сметаат дека ова е најголемиот проблем со кој се соочува Македонија денес. Ниските приходи и поврзаната сиромаштија изнесуваат околу 40%.

Графикон 8 – Стапка на невработеност во Македонија (во %). Извор: ДЗС




И покрај значителното намалување (од 36,0% во 2004 – Графикон 8), невработеноста, посебно со овие размери, претставува еден од најзначајните фактори за генерирање на скриени економски активности: луѓето се очајни за работа, независно дали ќе работат со или без договор. **Само 2,7% од испитаниците експлицитно навеле дека скриената економија претставува проблем. Иако севкупно невработеноста во државата е најголемиот проблем,** логично, невработените и лицата од посиромашните семејства се тие коишто се најмногу загрижени за невработеноста, а од друга страна, вработените се жалат на ниските приходи, а оние со релативно високи приходи се загрижени поради политичката нестабилност, етничките проблеми и корупцијата. Дури и во контекст на економската криза од 2008 год., стапката на невработеност опаднала за 6,2% во годините потоа, што индицира зголемен капацитет на македонската економија да апсорбира нови работници, и оттаму, да понуди подобри услови тие да преминат од неформална кон формална економија.

Графикон 9 – Структура на невработеност. Десна оска (%) на стапка на долгорочна невработеност. Извор: ДЗС



И покрај низата стратегии за намалување на стапката на невработеност, секоја година вкупната долгорочна невработеност уште од 1996 г. опстојува над 80% (83% во 2013, Графикон 9). Слично на ова, невработеноста кај младите (од 15-24 год.) останува висока: 50,4% од вкупната невработеност во 2014, со тенденција за понатамошно опаѓање. Според најновите податоци на ДЗС, невработеноста кај младите во К-1- 2015 за прв пат по 17 години паднала под 50% од вкупната стапка на невработеност.[23] Наспроти тоа, вкупната сезонски прилагодена стапка на невработеност, долгорочната невработеност (како % од вкупната невработеност) и невработеноста кај младите во ЕУ28 во 2014 била 11,5% (во К-3), 48,7% (во К-1), а кај младите 21,6% (К-3).[24]

Во К-3-2015 во сила беа неколку мерки осмислени од Агенцијата за вработување на Македонија во соработка со Министерството за труд и социјална политика (МТСП) насочени кон сузбивање на високите стапки на долгорочна невработеност на младите преку нудење специјални погодности за деловните субјекти кои ќе вработат лица од одредени категории работници. Сепак, прерано е да се оценува успешноста на програмата, или интересот на бизнисите да вработуваат вакви категории на работници.

**Графикон 10 – Економска активност според етничка структура (население).**
**Извор: Анкета на работна сила ЦИКП 2014 (1116 испитаници)**







Анкетата на ЦИКП го надополнува недостигот од податоци на ДЗС за етничката припадност на невработените преку емпиричка проценка на етничката ранливост на понудата на работна сила во Македонија. Преку анализа на структурата на невработените според етничката припадност (види Графикон 10), може да се увиди повисока стапка на невработеност (28,6%) и студенти (11,5%) кај етничките Албанци во споредба со Македонците (23% и 7,8% студенти) додека приближно половина од обете заедници при анкетирањето изјавиле дека се вработени. Овие бројки не се далеку од стапките наведени во статистиката на ДЗС во однос на националната стапка на невработеност (27,3%). **Се чини дека највисока вработеност е забележана кај етничките Турци (63%), а, пак, кај Ромите највисока стапка на невработеност (36%).** Сепак, тешко е да се понуди аргументација за другите етнички групи поради нивната пониска зачестеност на примерокот.

[23] Државен завод за статистика (ДЗС), Соопштение за печат за македонскиот пазар на трудот (09.06.2015). Преземено од: http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=98&rbr=1710
[24] Eurostat News Release, 01.07.2014, Euro Indicators October 2014. Преземено од: http://ec.europa.eu/eurostat/documents/2995521/6033691/3-31102014-BP-EN.PDF/fb5a7034-d11b-498c-b997-43a691c85c8f

Во состојба на висока стапка на невработеност, каква било работа е добредојдена, независно од работната средина и степенот на почитување на работничките права. Оттаму, работниците на краток рок обично прифаќаат најразлични работни ангажмани кои, барем во подолг рок, се спротивни на нивните интереси, како што е работа без договор или со договор со „скриени клаузули“. Непостоењето на договори ретко се забележува во анкетата на населението во однос на примарната работа на испитаниците, но е доста често во однос на секундарната, дополнителна работа. Од друга страна, скриените клаузули се почести кога се зборува за дополнителната работа.

**Табела 3 – Податоци од анкета на ЦИД (2003-2013) за Трендовите на скриената економија во Бугарија (во %), (од населението).**

| | 2003 | 2004 | 2008 | 2009 | 2010 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Без договор за работа - **примарно** вработување | 6,0 | 5,9 | 5,6 | 5,9 | 3,4 | 3,0 | 4,0 |
| Без договор за работа – **дополнително** вработување | 77,4 | 59,1 | 51,5 | 51,0 | 38,1 | 29,0 | 32,2 |

Барем половина од испитаниците (48%) навеле дека имаат засновано работен однос на своето основно (примарно) вработување. Големо мнозинство од нив (84%) имаат договор за работа во писмена форма со работодавачот, додека **6,6% навеле дека работат без договор,** а, пак, 9% се самовработени. Вообичаено, **оние кои работат без договор се вработени во приватниот сектор**[25]. Оние кои работат и дополнителна платена работа освен примарната претставуваат 11,8% од населението, а од нив **7,9% потврдиле дека работат без договор,** додека 1,5% се самовработени. Наспроти ова, последните бројки за Бугарија во 2013 год. покажуваат дека 4% со примарна работа и 32,2% со секундарна (дополнителна) работа работат без договор (види Табела 2).

Понатаму, повеќе од половина од интервјуираните работодавачи (сите од приватниот сектор) кај анкетата за деловни субјекти потврдиле дека во секторот во кој работат постојат работници

**Графикон 11 – Работници на кои цела или дел од платата им се исплаќала во готовина во изминатите 12 месеци. Во 2013 за ЕУ27, и за минатиот 1 месец во 2014 за МК (население). Извор анкета на ЦИКП/ЦИД 2014 и анкета на Еурофоунд 2013 http://www.eurofound.europa.eu/sites/default/files/ef_files/ewco/surveyreports/EU1404011D/EU1404011D.pdf**




[25] Понекогаш вработените во јавниот сектор работат во скриената економија поради формалната забрана да се има втора работа – полициски службеници, наставници, итн.

кои работат без договор, иако проценките во проценти значително се разликуваат, и варираат од 5% до 50% од вработените. Иако една третина одговориле дека ова се случува постојано или во најголемиот број од случаите, 30% тврдат дека ова се случува понекогаш, а една четвртина вели дека ова не се случува во нивниот сектор. **Генерално, очигледно е дека оваа практика не е невообичаена помеѓу компаниите, иако нејзиниот опсег тешко може да се утврди (исто така бидејќи примерокот на деловни субјекти не вклучува нерегистрирани бизниси).**

Бидејќи „**исплатите во пликови**“ се друга одлика на непријавената работа, испитаниците за анкетата на населението, исто така, беа прашани дали во текот на изминатиот месец примиле дел од платата на сметка во банка, а друг дел во готовина. На ова дури **9,7%** одговориле потврдно, иако според нив износот на „исплатата во плик“ варира во големи размери, од 500 до 25.000 МКД (од 10€ до 400€), од кои најмногу примаат 2.000 - 6.000 МКД во готовина (од 30€ до 100€). Споредувајќи ги овие цифри со просечната нето плата во Македонија (21.217[26] МКД или 345€), заклучокот е дека најголемиот број **„исплати во плик“ варираат од 9,4% до значителни 28,3% од македонската нето просечна плата.**

Графикон 12 – Основа за уплаќање на социјално/пензиско осигурување наспроти податоци од анкетата на ЦИД за Бугарија (2013), (население)




Понатаму, споредено со платите во плик во останатите земји на ЕУ[27] (Графикон 11), Македонија со 9,7% од населението кое ја прима целата или дел од платата во плик е втора најлоша во Европа по ова прашање, со три пати поголема стапка споредено со просекот на ЕУ-27 (3%). **Дури и ако се спореди со земјите од регионот (Хрватска,Романија и Бугарија), Македонија сè уште има значително повисока стапка на лица кои примаат плата во плик.**

[26]Државен завод за статистика (ДЗС), Просечна нето плата по работник во Македонија 07/2014, пристапено од: http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie_en.aspx?rbrtxt=40
[27]Мора да се забележи дека анкетните прашања искористени во анкетата на Еурофоунд во 2013 се однесуваат на исплати во плик на испитаниците во рамките на последните 12 месеци, додека анкетата на ЦИКП/ЦИД за 2014 се однесува на исплати во плик во изминатиот месец, така што вредностите за Македонија веројатно се повисоки.

**Графикон 13 – (Не)согласување со исказот „Претпочитам да бидам непријавен работник со повисока плата отколку пријавен работник со пониска плата" и месечен семеен приход (население). Курс 1 ЕУР = 61.5 МКД Извор: Национална теренска анкета на населението, спроведена во тек на 10/2014 со репрезентативен примерок од: 1116 испитаници.**




Сите овие цифри се чинат исклучително потценети дури и за земјите на ЕУ, а посебно оние во кои работат многу емигранти (често делумно или целосно скриено), како што се Франција, Германија или ОК, или се чини дека воопшто не се опфатени напојниците (кои се значителен дел од платата во одредени сектори). Имајќи ја предвид чувствителноста на ова прашање, се користеше друга формулација како контролно прашање, т.е.: „Која е основицата на која се уплаќаат вашите придонеси?", на кое одговорите укажуваат на уште позагрижувачки тренд. Конкретно, **27,3% изјавиле дека нивните придонеси им се уплаќаат на износот на минималната плата** *(која во 2014 беше 8.800 МКД или 143€)*, **иако нивната *реална плата е повисока*, а 6,4% изјавија дека основицата е *износот наведен во договорот за работа, иако нивната плата е повисока*** (види Графикон 12). Со оглед на тоа дека износот на кој се уплаќаат социјалните придонеси треба да е во соодност со износот кој се префрла на трансакциската сметка, се претпоставува дека остатокот од платата се исплаќа во готово или преку договор на дело. **Ова индицира дека соодносот на вработени кои примаат исплати во плик, вклучувајќи ги дополнителните договори за дело како инструмент за избегнување на плаќањето социјални придонеси, е околу една третина од вработеното население.**

**Графикон 14 – Потпишување договори со „скриени клаузули", анкета на деловни субјекти(Q.C12_B) (дел. субјекти)**




Индикаторот кој доста загрижува во однос на нецелосните уплати на социјално осигурување, во комбинација со фактот дека 7% од испитаниците (скоро без исклучок од приватниот сектор) изјавиле дека воопшто не им се уплаќа за пензиско осигурување, индицира дека **платата на околу 40% од вработените со примарна работа е делумно или целосно непријавена.** Интересно е дека дури половина од испитаниците кои се декларирале како самовработени не си исплаќаат социјално осигурување врз основа на реалната плата која ја примаат. Причините за ова може

да се потпираат врз мислењето дека придонесите за социјално осигурување се превисоки, како што сметаат околу 40% од анкетираните испитаници од деловните субјекти.

Практиката на **потпишување договори со „скриени клаузули“** исто така ја потврдуваат претставници на компаниите, од кои половина потврдуваат дека ова се случило во нивниот сектор и дека опфаќа **од 5% до 50% од вработените**, во зависност од индивидуалните перцепции. Сè на сè, повеќе од половина од работодавачите одговориле дека ова се случува во најголемиот број случаи или понекогаш, што потврдува дека ова прашање е доста присутно помеѓу македонските компании.

**Графикон 15 – Степен на согласност со изказот „повеќе сакам да бидам непријавен работник со повисока плата отколку пријавен работник со пониска плата“ (население).**




**Извор: Национална теренска анкета на населението, спроведена во тек на 10/2014 со репрезентативен примерок од: 1116 испитаници**

Независно од мотивацијата за ваквите одлуки, причината за овие состојби не лежи само кај работодавачите туку и кај работниците. При оценка на степенот до кој тие се согласуваат со различните констатации поврзани со скриената економија, јасно е дека моменталниот степен на задоволство со платата за многу работници е многу поважен од долгорочната сигурност која ја носи социјалното осигурување. Конкретно, **21,6% одговориле дека повеќе би сакале да бидат непријавен работник со повисока плата отколку пријавен работник со пониска плата** (види Графикон 15).

**Графикон 16 – Степен на согласност со исказот „државното здравствено и пензиско осигурување не пружаат доволно чувство на сигурност“ (население)**




**Извор: Национална теренска анкета на населението, спроведена во тек на 10/2014 со репрезентативен примерок од: 1116 испитаници**

Сепак, ова мислење се чини дека е поврзано со финансиската состојба со поединецот/семејството. Лицата кои се оценуваат себеси како сиромашни почесто бираат повисока плата отколку пониска плата со социјално осигурување, во споредба со оние кои се окарактеризираа дека се средна класа или богати. Перципирано преку призма на семејните приходи, испитаниците со месечен приход од 5.000-10.000 МКД беа повеќе подготвени да прифатат непријавена

**Графикон 17 – Процент на население со писмени договори за примарната работа според степен на образование (Q.3 насп. Q.D3) (население)**



работа отколку оние со приход над 20.000 МКД (Графикон 13). Ова оди во прилог на аргументот дека **проблемот на непријавена работа е во голема мера поврзан со високите нивоа на сиромаштија и всушност е механизам за справување кој го користат лица кои се обидуваат да преживеат со заработката која ја остваруваат**. Сепак, ваквиот вид размислување и однесување **уште повеќе го зголемува ризикот на економски загрозените групи во состојби кога мрежата на социјално осигурување ќе им биде навистина потребна.**

Дополнителна аргументација за прифаќање на непријавена работа може да е фактот што **државните системи за осигурување се недоволни, според мислењето на мнозинството од населението** (Графикон 16). Оттаму, тие повеќе би сакале времена сигурност која доаѓа со повисока плата наместо резервирани ветувања за подолготрајна сигурност кои се темелат на јавниот систем на осигурување. Ова уште еднаш ја потврдува важноста на довербата во институциите и системот воопшто, како форма на „психолошки контраст“ помеѓу граѓаните и државата, што е важно за даночниот морал.

Кога станува збор за **секундарната/дополнителна работа**, состојбата е позагрижувачка, ако се земе предвид дека **во голем број случаи (80%) таа се извршува без договор**. Кога постои договор, тој е на определено време или авторски договор, или некој друг вид времен договор. Соодветно на ова, социјалните придонеси не се уплаќаат во 80% од случаите, и преку 50% од испитаниците не пријавуваат и/или уплаќаат персонален данок на доход за дополнителната работа.

Податоците не укажуваат на родови разлики во поглед на добивањето на официјален (**писмен) договор за примарната работа,** т.е. 82,4% од вработените мажи и 86,2% од вработените жени изјавиле дека добиле договор за работа во писмена форма. Тоа се однесува и на возрасните разлики (86,1% за возраст 18-34; 81,5% за возраст 35-54; 90,3% за возраст 55+). Сепак, постојат значителни разлики кај нивото на образование, т.е. 44,8% од вработените со основно, 81,5% од оние со средно и 93,5% од вработените со терцијарно образование изјавиле дека работата им е регулирана со писмен договор за работа (за примарната работа) - (Графикон 17). Податоците јасно укажуваат, и ова не изненадува, дека **веројатноста на работење врз база на писмен договор за работа се**

**Графикон 18 – Степен на образование според етничката припадност (население)**




**Графикон 19 – Процент на население со писмени договори според степен на образование и етничка припадност (население)**



**зголемува со степенот на образование, што е најизразено при преминот од основно кон средно образование.**

Гледано според националноста, податоците покажуваат дека, помала е веројатноста Албанците да имаат пишан договор за работа (71,7%) споредено со Македонците (88,9%). Постои силна индикација дека на ова влијае степенот на образование, што е очигледно ако се погледне степенот на образование според етничката припадност. Од една третина од Албанците кои имаат основно образование (33,4%) или помалку, само 26% имаат договори за работа во писмена форма. **Според тоа, со преминот од основно кон средно образование се дуплира веројатноста да имаат писмен договор за работа.** Сепак, етничките Албанци немаат еднаква придобивка од оваа шема, бидејќи само 64% од работниците со средно образование имаат писмени договори споредено со Македонците(86%) и другите националности (75%)[28]со истиот степен на образование.

Населението е еднакво ранливо во однос на примањето плата во плик од гледна точка на род, возраст, степен на образование и националност. Во однос на приказните за враќање на дел од платата на работодавачот откога таа формално ќе се исплати на работникот, мора да се забележи дека податоците се некомплетни.

Во однос на плаќањето на придонеси за социјално осигурување, податоците не укажуваат на разлика во возраста. Сепак, постои разлика во родот, бидејќи според податоците, мажите се почесто жртви на неуплаќање придонеси од нивниот работодавач, со што се поранливи, т.е. 80,4% од мажите, и 89,6% од жените тврдат дека нивните работодавачи им уплаќаат придонеси. **Разликите се очигледни во однос на степенот на образование: работодавачите уплаќаат придонеси на 42,3% од вработените со основно и 83,3% со средно образование, наспроти 91,5% со терцијарно образование**; индикација која многу се совпаѓа со податоците за степенот на образование наспроти имањето договор за работа во писмена форма. Веројатноста од уплаќање придонеси за социјално осигурување расте паралелно со степенот на образование.

Слично на состојбата со пишаните договори за работа врз база на етничката припадност, поголема е веројатноста социјалните придонеси да не се уплаќаат кај Албанците. **Според податоците, работодавачите уплаќаат придонеси за 74,8% од Албанците споредено со 89% од Македонците** и, како што е наведено погоре, голема е веројатноста ова да е поврзано со степенот на образование. Образовното ниво може да влијае врз мислењето на работниците за нивните права и

**Графикон 20 – Степен на образование на примерокот насп. користењето на Интернет (Q.D3 насп. Q.D18) Извор: анкета на ЦИКП за население 2014, (население)**




[28]Графикон 19, на пример, прикажува дека од сите вработени македонски испитаници со основно образование, само 75% од нив имаат договори во писмена форма, понатаму 86% од оние со средно и 94% од оние со терцијарно образование.

обврски и за степенот до кој тие се подготвени да се борат за да извлечат придобивки од овие права.

Додатен засилувачки ефект може да биде нивото на користење Интернет (навлезеноста на Интернетот) меѓу населението, кое, според последните бројки во 2014 година, за Македонија било 68,3%[29]. Нашите податоци укажуваат на значително пониско ниво на користење на Интернет кај оние со основно образование, со тоа што 74,2% од нив (Графикон 20) или никогаш или ретко имаат пристап до него. Интернетот како медиум нуди пристап до независни медиуми и влијателни блогери, јавни информации и уште поважно, пристап до владини е-услуги и онлајн алатки со кои се зајакнуваат работничките права и слободите на личноста (т.е. скоро анонимното известување за корупцијата и различните форми на непочитување на законите од страна на работодавачите). **Понискиот степен на користење помеѓу понеобразованите слоеви укажува дека тие се уште поранливи пред негативните ефекти на учеството во скриената економија.**

**Графикон 21 – На кој износ на плата работодавачот ви уплаќа придонеси за социјално осигурување (Q.7A). Извор: анкета на ЦИКП за население 2014, (население)**




**Поради избегнување на обврската за уплаќање придонеси за социјално осигурување, државата губи значителни приходи, поради што се предлагаат најразлични стимулации помеѓу вработените и работодавачите со цел обете страни да извлечат придобивка, зависно од взаемниот договор.** Според прикажаното во Графикон 12, на една третина (33,7%) од вработените им се уплаќаат придонеси на основици кои се пониски од нивните реални плати. Овие податоци налагаат дека населението е подеднакво ранливо поради оваа практика и дека нема разлика гледано според возраст, образование или етничка припадност.

Во однос на уплаќањето придонеси за здравствено осигурување, податоците не прават разлика во однос на возраста. Сепак, слично како кај социјалните придонеси, повторно е присутна родовата разлика, со тоа што е поголема веројатноста мажите да се жртви на работодавачот поради неисплата, т.е. 79,9% од мажите и 88,2% од жените тврдат дека им се уплаќа за здравствено осигурување. Разликите според степенот на образование се значителни со тоа што придонеси се уплаќаат за 42,3% од работниците со основно, 82,8% со средно образование и 89,9% со терцијарно образование; индикатор кој е многу блиску до презентираните податоци (во Графикон 19) во однос на степенот на образование наспроти имањето пишан договор за работа. Веројатноста дека ќе се уплаќа за придонеси за здравствено образование се зголемува со степенот на образование, исто како што беше случај со уплатата на социјални придонеси. Гледајќи според националност, индикативно е што кај

[29] Државен завод за статистика К-1-2014, пристапено од:http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=77&rbr=1517

Албанците помалку се уплаќаат придонеси за здравствено осигурување во споредба со Македонците. Процентот на исплатени придонеси за здравствено осигурување кај нив е (71,8%), споредено со Македонците (88,6%).

Како што е наведено погоре во Извештајот, негативните последици од скриената економија најтешко ги погодуваат најранливите групи во општеството (со ниски приходи, пониско образование, жените со долгорочна невработеност итн.), но во македонскиот случај се чини дека етничката припадност уште повеќе го акцентира овој проблем, со тоа што нееднаквоста на приходите е поистакната помеѓу етничките Албанци.

Друг интересен феномен, типичен за македонскиот пазар на трудот, кој најверојатно се должи на високата стапка на невработеност, е коруптивната пракса на барање мито за да се обезбеди работа. Според податоци од анкетата на ЦИКП/ЦИД, **10,8% од испитаниците потврдиле дека директно од нив било побарано мито за да се вработат или тие знаат некого од кого било побарано мито**. Само 6,7% од испитаниците слободно го открија износот на митото, кој варира од 4.000 до 360.000 МКД (65 до 6.000 ЕУР), или **највисок износ на мито од 17 македонски месечни просечни нето плати**.

Понатаму, навистина е голем уделот на работници кои работат без никаков пишан договор или со скриени клаузули во договорот и само 25% од претставниците на деловните субјекти потврдиле дека во нивниот сектор, според нив, нема работници кои работат без договори или со „скриени клаузули“ во нив (види Графикон 22).

**Графикон 22 – Удел на работници без договори или со договори со „скриени клаузули“ (Q.C23_B & Q.C24_B) (деловни субјекти)**




Македонија, како и повеќето ЕУ-28 земји, применува мерки за справување со скриената работа, а најмногу се фокусира на репресивни мерки, со исклучок на некои скорешни мерки насочени кон олеснување на формализирањето на работната сила (програма за самовработување) и за поголема посветеност кон ова прашање. Сепак, како што покажува анкетата на ЦИКП, процентот на работници кои се исплаќаат **„во плик“ или преку договори на дело е околу една третина од населението.** Дури и ако се земе предвид само податокот дека платата на **40% од работниците со примарна работа е делумно или комплетно непријавена,** сепак ова е доволна индикација само по себе дека има голем простор за подобрување и дека може уште многу да се направи по ова прашање. Подобрена размена на податоци и

координација помеѓу владините агенции и тела е од суштинска важност за сузбивањето на непријавената работа, заедно со зголемувањето на стимулациите со цел чинителите да се вклучат во пријавени деловни активности и мерки за зголемување на јавната свест во однос на ризиците и лошите страни на работата на непријавениот пазар на работна сила.

Министерството за труд и социјална политика (МТСП) е главната институција која ги регулира активностите на сите установи на пазарот на трудот и која ги поставува главните столбови на системот на придонеси за социјално осигурување и сродните мерки и ги имплементира и спроведува политиките преку Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, Заводот за социјални дејности[30] како и Државниот

**Приказ 3 – Зошто е важно да се поддржи Работна група за скриената економија во Македонија?**

Активностите на Министерството за труд и социјална политика (МТСП), како национален координатор на владините мерки за сузбивање на скриената економија, би извлекле огромна придобивка од поддршката и инволвираноста на бизнис-заедницата и другите засегнати чинители. Иако некои стопански здруженија учествуваат во усвојувањето на акцискиот план за намалување на сивата економија и тие се консултирани во текот на процесот, многу социјални партнери гледаат на ова партнерство како на исклучиво владина иницијатива. Потребниот процес на координирање на акцискиот план со чинителите би се подобрил доколку Владата покаже поголема готовност да ги сослуша гледиштата и советите на поширокото граѓанско општество, со што може да се збогати социјалното партнерство. Владата, и поконкретно МТСП и Министерството за економија, кое исто така има надлежности врз одредени аспекти на справувањето со скриената економија, треба да имаат клучна улога во ширењето на комуникацијата помеѓу сите чинители, како што се локалните самоуправи и невладините организации. Освен Економско-социјалниот совет, каде што членуваат само некои од овие организации и институции, не постојат други форми на соработка во однос на заедничките цели, што доведува до дифузно и некоординирано дејствување во состојби кога се дејствува за или против одредени политики. Овој Извештај заговара основање на Работна група за сузбивање на скриената економија како едно сеопфатно решение за вклучување на поширокото граѓанско општество.

Работната група за сузбивање на скриената економија е институционален механизам за вклучување на организациите на граѓанското општество, бизнис заедницата и државните органи со цел да се дефинира транспарентноста и да се најдат решенија за поголема демократска отчетност. Целта на иницијативата е таа да ја имплементираат локални апликанти помогнати од Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП). Целта на оваа работна група е да се оствари партиципен пристап преку вклучување на мрежа на граѓански организации во приватниот сектор, како што се синдикати, здруженија на работодавачи, комори и експертски организации како што се Управата за јавни приходи, инспекторатите, Финансиската полиција, Царинската управа, Народната банка на РМ, како и Министерствата за економија, финансии и труд

[30] Завод за социјални дејности. Пристапено од: http://www.mtsp.gov.mk/institucii-ns_article-zavod-za-socijalni-dejnosti.nspx

инспекторат за труд (ДИТ).[31] Дополнително, МТСП е главната установа задолжена за изготвување и имплементација на Акцискиот план за намалување на сивата економија (Министерство за економија 2013; МТСП, 2014) која ги координира активностите во ова поле помеѓу различните јавни установи и органи.

Иако Македонскиот пристап е најмногу фокусиран на репресивни и превентивни мерки, во последниве години евидентен е трендот во насока на усвојување на покуративни мерки, преку кои се јакне посветеноста кон проблемот. ДИТ е главниот орган за спроведување на трудовата регулатива и оттаму е надлежен за контрола врз непријавената работа. Намалувањето за 78% на откривањето на непријавени работници во 2009 година е еден индикатор дека зголемената контрола на ДИТ довела до позитивни резултати, иако делумно овој пад се должи и на општиот пад на вработеноста поради економската криза од 2008 година.[32] Дополнително, **бројот на откриени непријавени работници продолжува да паѓа,** додека случајот на инспекциски контроли иницирани по пишани пријави, користење на веб-алатките и контакт-центрите постојано се зголемува и сочинува 8,8% од вкупните инспекциски контроли спроведени во 2012. Меѓународната организација на трудот за претходните години проценува дека само 4% од вкупните контроли се иницирани по поднесување на пријава.[33]

**Графикон 23 – Плаќање во готовина за големопродажни договори од голема вредност (Q.C12_H) (дел. субјекти)**




Расположливите податоци не оставаат простор за директни заклучоци за ефикасноста на Државниот пазарен инспекторат (ДПИ), уште еден орган на државната управа кој користи репресивни и превентивни мерки. Сепак, неговата активност во текот на годините расте, од 26.599 во 2011г. на 40.582 во 2013г. Дополнително, може да бидат од помош и податоци за издадените налози за наплата и наплатените глоби за сторени прекршоци кои се во доменот на надлежностите на Законот за државниот пазарен инспекторат[34]. Стапките на наплата на налози во 2011 биле едвај 4%, а до К-3-2014 стасале до 6%. Стапката на наплата на паричните казни се движела од 9% во 2013 до 14% од сите изречени глоби во К-3-2014.[35]

[31] Иако традиционално ова тело функционира во рамките на МТСП, по формирањето на Инспекцискиот совет, ДИТ од административна гледна точка е дел од оваа установа.

[32] Mojsoska-Blazevski, N. (2011) *Supporting strategies to recover from the crisis in south eastern Europe: Country Assessment Report: The former Yugoslav Republic of Македонија*. Geneva: ILO.Пристапено на 10.05.2014 од: http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/@europe/@ro-geneva/@sro-budapest/documents/publication/wcms_167032.pdf

[33] International Labour Organisation (2011b) *Labour inspection country profile: The former Yugoslav Republic of Македонија*. Geneva: ILO [Online]. Пристапено од: http://www.ilo.org/labadmin/info/WCMS_114938/lang--en/index.htm

[34]Службен весник на РМ, Бр. 35/97, 23/99, 7/02, 20/02, 24/2007, 81/2007

[35]Mickovska R. A; Shurkov E. *Background Analysis on the Spread and Trends of the Hidden Economy inMacedonia* (CRPM/CSD 2014).Пристапено од: http://www.crpm.org.mk/?p=13971 (стр.55-56)

Советот за инспекциски надзор[36] (СИН), основан во 2014 год., има надлежност да врши надзор над работата и да ги координира активностите помеѓу различните 29 државни инспекторати и во рамките на своите надлежности би требало да ѝ помогне на Владата на РМ да ги исправи веќе нотираните слабости на инспекциските служби, имено: **а) недоволниот број на заеднички инспекции**[37]**, б) лошата организација**[38]**и** в**) недоволното споделување на податоците и недоволна поврзаност**.[39]Дополнително, Советот ќе прави ревизија на работата на инспекторатите онаму каде што се пријавени или откриени нерегуларности, ќе воведува програми за обука, стручен испит за инспектор и генерално активности насочени кон зголемување на ефикасноста на инспекторатите, истовремено намалувајќи ги трошоците.

*„Дефинитивно, стравот да не се изгуби работата и ниското ниво на свест за негативното влијание на ова прашање ги обесхрабрува да дискутираат за овој феномен во состојба кога не се сигурни дали ќе је имаат соодветната заштита од државата доколку решат да го споделат проблемот со јавноста да застанат зад својот исказ со своето име“*

Од друга страна, куративни мерки главно се спроведуваат од страна на АВРМ, а ги координира МТСП и вообичаено се насочени кон најранливите групи од непријавената работна сила, како што се: невработените млади, долгорочно невработените (подолго од 12 месеци), структуралната невработеност, невработените жени, ромската популација, итн. Сепак, иако некои програми жнеат позитивни резултати, за други е јасно дека имаат ограничен ефект и продор. На пример, програмата за **формализирање на постојните бизниси**[40] (**во моментов дел од програмата за самовработување),** понатаму **регулирање на сезонските вработувања** и **поголемо формализирање на статусот на работниците во земјоделскиот сектор** покажуваат позитивни резултати. Сепак, многу важни програми насочени кон најранливите групи на македонското општество покажуваат минорни или ограничени резултати, со оглед на стапката на невработеност и нејзината структурата. Поконкретно, **субвенционирање на вработувањето на корисниците на социјална помош** довело само до **60 нови вработувања во 2014,** додека **активностите за интеграција на ромската популација во формалната** економија[41] вродила само со 13 вработувања во 2013 од 91 подносител на барање, што е стапка на успех од 14% за оваа програма конкретно.

---

[36]Службен весник на РМ, бр. 50/2010, 147/2013, 41/2014
[37] Williams, C.C., Baric, M. and Renooy, P. (2013) *Tackling Undeclared Work in FYRMacedonia*. Dublin: Eurofound.
[38]International Labour Organization, (2011). Labour Inspection Country Profile: Македонија. Пристапено од: http://www.ilo.org/labadmin/info/WCMS_114938/lang--en/index.htm
[39]Ibid
[40] Презентација на Младен Фрчковски, советник од МТСП, на Конференцијата за сузбивање на работа на црно, ЦИКП и ЦИД, 27.11.2014, Скопје
[41]Analysis: *Between Implementation and Reality of the National Strategy for Roma Inclusion*– Roma Decade 2005-2015, Helsinki Committee of RM, 2014

# 6. Даночна дисциплина и избегнувањето даноци

## 6.1 Деловниот сектор и даночната дисциплина

Индексот на скриената економија го мери општото придржување кон даночните обврски преку два подиндекса: скриен обрт во различни сегменти (увоз, пријавување пониски приходи или пријавување помал профит преку прикажување на трошоци кои не ја намалуваат заработката пред оданочување) и прераспределбата (измами со ДДВ, неплаќање на царинските давачки на реалниот износ или акцизите). При споредување на индексите со Бугарија (Графикон 5), главната разлика се однесува на недозволената прекугранична трговија. И покрај фактот што помеѓу 10-те подиндекси на скриената економија, компонентата на недозволен увоз-извоз изнесува само 2,2 и е трета најмала според обем, (а пониските подиндекси се директно поврзани со неа: криење акцизи и царински давачки и измами со ДДВ), таа укажува на масовна дисфункционалност во државата и економијата. **Целосното или делумното криење на увозот или намерно прикривање во царинските декларации за да се заштеди на царински давачки или на ДДВ претставува значителен фактор кој ја потхранува скриената економија.**

Графикон 24 – Споредбена статистика за 6-те најголеми увозници во Македонија. Извор: база на под. Comex, 2015




Графиконот 24 содржи податоци за несообразноста помеѓу извештаите за увоз на Македонија и соодветните податоци за извоз кои ги поднесуваат трговските партнери на земјата. Поради фактот што увозот вообичаено се изразува во CIF вредност, а извозот во FOB (иако ова може да не е случај при тргување помеѓу групации или подружници на компании), увозот е генерално повисок од извозот. Ефектот на CIF/FOB врз споредбените статистички пресметки зависи од растојанието помеѓу партнерите; видот на тргуваната стока итн., но сепак треба да е маргинален. Во изминатите 5 години, увозот од ОК, Грција и Германија порасснал помеѓу 50% и 150%, додека извозот од другите земји бил под 25% (според извештаите на трговските партнери). На увозот од Грција, Германија и Бугарија отпаѓа значителен дел од скриениот извоз во Македонија – околу една третина од увозот од Грција и четвртина од Германија се сокрива од царинската управа. Поради недоволно споредбени статистички пресметки за важни трговски партнери, како што се Кина и Русија, можеме само да претпоставуваме врз

основа на она што го знаеме за другите соседни земји дека значително многу се сокрива (вклучително цените за превезување при увозот на нафта) исто така при увоз од овие земји. На најголемите 6 увозници во Македонија отпаѓа околу 50-55% од вкупниот увоз во Македонија и на скриениот извоз од Грција,Германија и Бугарија отпаѓа околу 9% од вкупниот увоз. Доколку се земе предвид целиот увоз, на скриениот увоз отпаѓа некаде од 16% до 20%.

Скриениот увоз овозможува избегнување на плаќањето давачки и даноци при увоз, но пружа и пошироки можности за целиот синџир на снабдување сè до клиентот, за пријавување на пониски приходи, непријавување плати на вработените и оттаму и за криење на додадената вредност, а со тоа и на ДДВ и данокот на добивка. **Постои значителен расчекор во однос на увозот/извозот на храна/кафе/чај, што укажува на полесно криење на економските активности во малопродажниот сектор, угостителскиот и сродните дејности.** Со оглед на тоа што на зелените пазари се продава многу увозна храна, но и домашни нерегистрирани производи, спрегата на скриено производство-увоз-работа-продажба-купување претставува значителен дел од скриената економија во земјата и е причина за значителен даночен јаз за Македонија. **Постојаните измами со ДДВ, заедно со слабиот капацитет на судството и бавните истражни постапки, доведува до забавена реализација на барањата за поврат на ДДВ што, пак, произведува стимулации за бизнисите да ги сокриваат своите економски активности.**[42]

Со оглед на тоа што македонската економија и потрошувачката значително се потпира и на дознаките од странство, од кои, повторно, огромен процент е скриен, макроекономската рамка можеби не сигнализира дисбаланс (помеѓу увозот, продажбата и приходите). На приватните трансфери отпаѓа помеѓу 13% (во 2003) и 21 % (во 2012) од БДП (ММФ, 2014). Овие приватни трансфери им помагаат на големо мнозинство Македонци (невработените и економски неактивните лица) да опстанат и без официјални приходи.

**Графикон 25 – Приватни трансфери (како процент од БДП).**
**Извор: НБРМ, цитирано преку IMG (2014)**




**На официјални дознаки од странство отпаѓаат 2,5% од БДП, но преку готовинска размена дополнителни 14% од БДП се влеваат во Македонија преку дознаки.** Секако, дел од овие токови отпаѓаат на активности кои се налик на деловните, кои се или целосно нерегистрирани или делумно отстрануваат од официјалните деловни активности. Тешко е да се утврди со процени колкав дел од дознаките и приватните трансфери соодветствуваат со колкав дел од

[42] Длабинско интервју, мај 2015, со Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ).http://www.bcm.mk/

скриениот увоз, но студии на случај од соседни земји, како што се Косово (Danielsson, 2015), Бугарија и Југоисточна Европа (ЦИД, 2000, 2002, 2004) налагаат дека ова не е исклучок. Причината за оваа голема количина нерегистрирани дознаки лежи во фактот дека дел од нив, исто така, доаѓа од скриените деловни активности во Западна Европа, и оттаму испраќачите повеќе сакаат сето тоа да го направат без преголемо експонирање.

Сузбивање на даночното затајување и измамите, што е само дел од политиките и мерките против скриените економски активности, не е само начин за зголемување на јавните приходи туку и начин да се зголеми правичноста на даночниот систем, да се подобри даночниот морал и доверба помеѓу граѓаните и правните субјекти, да се унапредат човековите права и да се овозможи соодветна заштита на најранливите категории во македонското општество.

**Графикон 26 – Како би ја оцениле висината на различните даноци во Македонија (во %)? (Q. C17) (дел. субјекти)**




Даночната дисциплина е неотуѓив дел од секоја деловна иницијатива, но даноците се често оптоварување за бизнисите и причина да се пренасочи дел од нивните активности во неформалната сфера. Затоа е важно мислењето на бизнисите при креирање на политики и мерки со кои се гарантира придржување кон законската регулатива.

Податоците сведочат дека **за поголемиот дел од анкетираните деловни субјекти, моменталниот даночен систем не претставува проблем за развојот на нивниот бизнис (42%) или претставува неважен проблем (23%),** независно од големината на компанијата. Најголемиот детектиран проблем е нефер конкуренцијата, кој 67% од деловните субјекти го опишале како голем проблем, и тоа посебно микрокомпаниите.

**Всушност, половина од интервјуираните деловни субјекти се согласиле дека даночниот систем е добар и стимулативен за развој на бизнисите** (поконкретно 17%

**Графикон 27 – Како компаниите ја оценуваат „Фирмарината" според големината на компанијата (Q.C17A насп. C5B) (деловни субјекти)**



целосно се сложиле со оваа изјава, додека 33% делумно се согласиле). Од друга страна, 21,4% делумно не се согласиле со изјавата и 15,7% изразиле целосно несогласување. Не постои разлика во однос на големината на компанијата.

Оттаму, се чини дека повеќето деловни субјекти кои биле интервјуирани се на иста линија кога станува збор за износот на различните даноци. Всушност, повеќето од интервјуираните изјавиле дека сегашните износи на даноците се соодветни, помалку од половина изјавиле дека тие се повисоки отколку што треба да бидат, а помал број од нив сметаат дека се пониски отколку што треба да бидат (Графикон 26). Наспроти очекуваното, микрофирмите повеќе ги прифатиле постојните даноци и сметаат дека износот е соодветен споредено со малите/средните и големите компании, кои во поголем број сметаат дека тие се повисоки во износот отколку што треба да бидат.

Единствениот данок кој го нарушува општо прифатеното мислење за прифаќање на даноците дека се „какви што треба да бидат" е фирмарината[43]. Скоро 60% од сите компании се согласуваат дека овој данок, кој инаку оди на сметка на општината, е повисок отколку што треба да биде и Графиконот 27 покажува дека нема значителна разлика врз перцепцијата ако се земе предвид големината на компанијата. Најчесто испитаниците сметаат дека фирмарината е:

**Графикон 28 – Најважните фактори за постоење на скриената економија (Q. C14) (деловни субјекти)**




**Графикон 29 – Мерки за смалување на скриената економија (Q. C15) (деловни субјекти)**




**Извор: Анкета на 70 деловни субјекти од бизнис-секторот, спроведена во текот на октомври 2014г.**

- Збунувачка и неразумна
- Не е јасно што опфаќа и каков бенефит имаат компаниите кои ја плаќаат
- Несоодветна со големината на компанијата. Напротив, одбран е паушален износ за секоја канцеларија, подружница (што е посебно неправедно кон помалите компании).

[43] Фирмарината не е исто што и данокот на доход на компанијата. Станува збор за данок кој се прибира и троши на ниво на општината и е еднаков износ на кој мора да го плати секоја подружница или канцеларија на секоја компанија.

Сепак, настрана од генералното задоволство со даночниот систем во земјата, **се смета дека даноците играат важна улога за отпочнување со скриени економски активности**.

Графикон 30 - Колку често компаниите пријавуваат помали приходи од реалните? (Q. C12_C) (деловни субјекти)




Графикон 31 - Колку често компаниите се обидуваат да манипулираат со ДДВ? (Q. C12_L) (деловни субјекти)




Поконкретно, „високото даночно оптоварување“ се смета дека е третиот најважен фактор за постоењето на скриената економија, според мислењето на 39% од претставниците на бизнис-секторот, веднаш по „импулсот на бизнисмените кон брзо обогатување“ (45%) и „корупцијата“ (40,6%) (Графикон 28). Како последица на тоа, трите главни предложени мерки за смалување на скриената економија вклучуваат: „воведување на поделотворни стимулации за бизнисите“, за која се определиле 58,6% од бизнисите; „намалување на даноците“ (47%) и „намалување/сузбивање на корупцијата“ (44,3%) (Графикон 29). Очигледно е дека деловните субјекти се повеќе ориентирани кон стимулативни, а не кон казнени мерки, што е делумно во конфликт со главниот склоп политики кои ги применува Владата на РМ во обидот да се справи со прашањето на скриената економија.

Деловните субјекти користат различни методи на избегнување и/или манипулирање со даночните извештаи и придржување кон даночната регулатива. Поконкретно, речиси повеќе од половина од компаниите потврдиле дека помеѓу компаниите од нивниот сектор постои пракса на пријавување на помали приходи од реалните, од кои 10,1% тврдат дека тоа постојано се случува, 14,5% велат дека тоа се случува во најголемиот број случаи, а 29% тврдат дека тоа понекогаш се случува (Графикон 30). Согласно ова, приближно еднаков број на одговори се однесуваат на пријавување на понизок обрт од реалниот, со тоа што 5,9% од компаниите тврдат дека ова постојано се случува во нивниот сектор, според 16,2% ова се случува во поголемиот број случаи, а 32,4% велат дека ова понекогаш се случува (Графикон 32).

Анкетата на населението релативно ги потврдува овие констатации, кои се гледаат преку податоците за издавањето на фискални сметки. **Помалку од половина (46,7%) од граѓаните изјавиле дека секогаш добиваат фискална сметка кога купуваат храна, секој трет граѓанин вели дека секогаш добива фискална сметка кога купува облека и чевли, алкохол и цигари и секој четврти кога купува книги**. Иако ретко се случува никогаш да не добијат фискална сметка (според резултатите, помалку од 10% од испитаниците), сепак очигледна е тенденцијата на деловните субјекти да сокријат дел од профитот/обртот.

Сепак, кога зборуваме за „манипулирање со ДДВ“ и „користење на сметководствени трикови за да се плаќаат пониски даноци“, се чини дека опциите се поограничени и помалку од половина од интервјуираните изјавиле дека ова се случува во нивниот сектор.

**Графикон 32 - Колку често компаниите пријавуваат помал обрт од реалниот? (Q. C12_G) (деловни субјекти)**




**Графикон 33 – Процент на компании кои плаќаат помали даноци користејќи сметководствени трикови (Q. C25) (деловни субјекти)**




**Зајакнатата примена на казнени мерки се чини дека делумно произвела резултати,** имајќи го на ум фактот дека скоро половина од претставниците на деловните субјекти изјавиле дека никогаш не го избегнуваат плаќањето на царински давачки, даноци или акцизи. Оттаму, процентот на компаниите кои постојано избегнуваат плаќање даноци (4,3%) во повеќето случаи (8,6%) е доста мал, а мал е процентот на компании кои понекогаш (17,1%) избегнуваат плаќање даноци, царински давачки и акцизи.

Иако сè уште постои простор за подобрување, очигледно неиздавањето фискални сметки и фактури не е помеѓу најсериозните чинители за растот на скриената економија. Имено, најмногу од претставниците на деловните субјекти изјавиле дека никогаш (37%) не пропуштаат да издадат сметка или фактура или тоа го прават само понекогаш (34%). Понатаму, процентот на компании кои имаат воспоставена практика на неиздавање сметки и фактури е релативно мал.

**Графикон 34 – „Колку е често земањето/нудењето мито во вашиот сектор“ (Q.C12_E) (деловни субјекти)**




Податоците за ставот на деловните субјекти по однос на подмитувањето во нивните сектори укажува на релативно високиот степен на вклученост во подмитувачки активности, што повлекува потреба за дополнителни напори при сузбивање на корупцијата и различните елементи на скриената економија. На пример, 43% од нив изјавиле дека на еден или друг начин компаниите во нивниот сектор се вклучени во подмитувачки активности. Од друга

страна, 31% од претставниците на компаниите одговориле дека митото (нудењето или давањето) никогаш не се случува во нивниот сектор.

**Графикон 35 – Ставот на претставници на деловните субјекти за степенот на вмешаност на компании во нивниот сектор во „неиздавање сметки и фактури“ (Q.C12_F) и „неплаќање давачки, даноци и акцизи“ (Q.C12_D) (деловни субјекти)**



## 6.2 Граѓаните и даночната дисциплина

Резултатите од анкетата на населението од октомври 2014 налага дека даночната дисциплина на испитаниците варира значително, зависно од нивните месечни домашни приходи. Генерално, тие укажуваат дека колку се приходите пониски, толку е помалку веројатно дека поединците ќе ги плаќаат даноците. Понатаму, националноста на граѓаните, исто така, се покажува како одредница при оценка на даночната дисциплина, бидејќи Македонците се чини дека имаат многу повисока даночна дисциплина и свесност отколку испитаниците етнички Албанци. Ова најверојатно се должи на немањето доверба во институциите како и на немањето јасна слика (Графикон 36) за поврзаноста помеѓу плаќањето даноци и пружањето јавни добра и услуги. Податоците од анкетата на ЦИКП (Графикон 36) точно укажуваат на значително повисока недоверба/најчеста недоверба во институциите, поконкретно во Владата на РМ, на етнички албанските испитаници (71,9%) споредено со просекот (44%), како и на Македонците (31,9%) и на останатите етнички заедници (53,2%). **Соодветно, на овие нивоа недовербата, немањето даночна дисциплина и свесност за ова прашање кај етничките Албанци и останатите етнички заедници, иако не треба да се толерира, се чини разумна.**

**Графикон 36–Степен на доверба во Владата на РМ според етничка припадност (Q3 насп. Q5.1),(население). Извор: теренска анкета на ЦИКП од 2014, репрезентативен примерок на население од 1104 испитаници**




Со оглед на тоа што Владата на РМ вложува сè повеќе напори во Партнерството за отворена влада и го зголемува обемот и бројот на своите електронски услуги, пристапот до Интернет станува од клучна важност. Пристапот до Интернет не значи само пристап до услуги туку и до информации и ресурси со кои се уважуваат работничките права и личните слободи. Како што беше претходно наведено, 74,2% од работниците со основно образование ретко имаат или воопшто немаат пристап до Интернет. За жал, со нееднаков пристап до Интернет, веројатно е некои ранливи групи (со понизок степен на образование, долгорочно невработените, етничките групи и др.) да покажуваат повисок степен на недоверба кон институциите на државата и конечно, да имаат помала даночна дисциплина.

Целта на кампањите за подигање на свеста е да се зголеми довербата и да се охрабри општата даночна дисциплина, но Владата на РМ ретко ги користи.[44] Сепак, со овие нивоа на недоверба во институциите може да се постигнат оптимални резултати и пробив само преку **преструктуирање на кампањата за подигање на свеста со цел подобро да се прилагодат на**

**Графикон 37 – Колкав дел од населението го платиле својот ПДД, според месечните домашни приходи? (Q.D27_B насп.Q.27_B) (Население).Курс 1 ЕУР = 61.5 МКД**




**контекстот на групите кои покажуваат највисоки нивоа на недоверба и најмала даночна дисциплина/свест**, имено етничките Албанци и другите малцинства.

**Сепак, политичките партии не ги искажуваат овие цели во своите политички кампањи, па дури и целат кон „учење беспомошност"(White, 1992) за да се зајакне контролата врз членовите, слично како со етничката изборна контрола во Бугарија**. Понатаму, етничките политички партии обично се финансирани од групи и влијателни поединци кои имаат корист од нивната заменска улога на формални државни установи (даваат на заем пари наместо банките, приватно обезбедување наместо полиција, политички агенти кои нудат заштита од државните инспектори итн.) и водат бизниси кои ја добиваат гето-премијата (повисоки профити поради помала трговска конкуренција во рамки на својата група). Овие економски интереси „се извлекуваат" поради нискиот капацитет на спроведување на законите на државата и на крајот, влечат уште повисоки премии од оние кои државата би ги наплатила доколку даноците редовно би се плаќале и доколку би функционирала поформална конкуренција.

Како дополнителен аргумент, висината на даноците кои се на сила во моментов се чини дека не се многу важен фактор кој го одредува придржувањето кон нив, бидејќи многу малку испитаници одговориле дека не плаќаат даноци оти сметаат дека се превисоки. Оттаму, прашањето на доверба во институциите (формални и неформални) значително натежнува во однос на висината на данокот при одлуката дали да се исплати или не.

[44]CRPM/CSD (2014), *Background Analysis on the Spread and Trends of the Hidden Economy in Македонија. Достапна на:*[*http://www.crpm.org.mk/?p=13971*](http://www.crpm.org.mk/?p=13971) *(стр.63; анг. верзија)*

Како што наведува Графиконот 37, висината на семејните приходи е посебно решавачки фактор за личното исполнување на даночните обврски. Иако повеќето од лицата со приходи над 20.000 МКД велат дека целосно ги исплатиле обврските за персонален данок на доход за претходниот месец, неверојатни 81,1% од најсиромашните граѓани со семејни приходи под 10.000 МКД месечно тврдат дека ни делумно го немаат платено овој данок[45].

**Графикон 38 - Колкав дел од населението го платиле својот данок на имот, според месечните домашни приходи? (Q.D27_В насп.Q.27В) (Население).Курс 1 ЕУР = 61.5 МКД**




Резултатите од анкетата налагаат дека домаќинствата со ниски приходи се посебно ранливи во постојниот систем бидејќи може да се случи да бидат предмет на кривичен прогон поради неплатени даноци. Оттаму, даноците претставуваат дополнителен товар за веќе кршливата состојба со економски ранливите семејства, што е проблем со кој Владата треба сериозно да се зафати.

Како што налага Графиконот 38, даночните обврзници во поголем број го плаќаат данокот на имот отколку персоналниот данок на доход независно од месечните приходи на

**Графикон 39 – Дали се согласувате со следниот исказ: „Не плаќам даноци, превисоки се"? (D27_В) (Население)**




[45]Заб: Испитаниците кои изјавиле дека немаат такви обврски и оние кои не дале одговор не се вклучени.

домаќинството. Сепак, резултатите потврдуваат дека домаќинствата со повисок приход имаат поголема даночна дисциплина во однос на посиромашните домаќинства.

И покрај високиот процент на домаќинства со пониски приходи кои признале дека воопшто не плаќаат даноци, сосема мал дел од населението признал дека не плаќа даноци бидејќи смета дека се превисоки. Повеќе од три четвртини од домаќинствата со месечен приход од над 10.000 МКД изјавиле дека не се согласуваат со ваквата констатација и дури и кај оние со најниски приходи, со ова се согласува само една четвртина. Оттаму, резултатите прикажани во Графиконот 39 укажуваат дека работниот статус и нивото на приходи на домаќинството се одлучувачки за даночниот морал, а не износот на данокот.

**Графикон 41 – Колкав процент од населението се согласува со следниве изјави?(Население).**




Освен нивото на приходи, етничката припадност е друг фактор кој е одлучувачки кога зборуваме за даночниот морал. Додека „само“ 11% од вкупниот број испитаници од македонска етничка припадност признале дека не плаќаат даноци, ваков прекршок признале скоро третина од испитаниците-Албанци. Понатаму, Албанците полесно признавале дека не плаќаат даноци доколку може да ги избегнат или да реагираат поради висината на сумата. Понатаму, четвртина од испитаниците од ова малцинство тврдат дека не плаќаат „бидејќи немаат таква можност.”

**Овие цифри укажуваат на значително помал степен на даночна дисциплина помеѓу Албанците, што укажува на помала доверба во институциите на државата кај ова малцинство**. Оттаму, од суштинска важност за даночниот морал остануваат мерките за зајакнување на социјалната вклученост, доброто владеење на локално ниво и општата свест за даночните обврски. Сепак, важно е да се забележи дека бројот на Албанци кои не плаќаат данок може, исто така, да биде резултат на релативно полошата економска состојба на оваа заедница, како што е наведено во претходниот дел, што е најважната

**Графикон 40 – Месечни домашни приходи според националност (Q.D5 насп. D27_B), (население).Курс 1 ЕУР = 61,5 МКД**



променлива која го одредува нивото на даночен морал. Понатаму, Графиконот 41 заедно со фактот дека само 22% од македонските домаќинства имаат повеќе од четири члена во семејството, споредено со 68% од албанските и 41% од другите домаќинства (т.е. помали приходи по глава на жител во домаќинството поради поголем број членови), **укажува на поголема економска ранливост на сите малцинства (со исклучоци), а оттаму и на поголема подложност на недоверба во институциите, избегнување на даноците и скриени економски активности.**

За Македонија, како земја со средно ниво на приходи, која сè уште спроведува реформи во својата даночна администрација, даночниот систем и мерките насочени против даночната измама и затајување, со право може да се претпостави дека треба да очекува барем сличен соодност помеѓу БДП и даночните измами и затајувања (7,9%) или барем 700 милиони ЕУР на годишна основа.[46] Ова, ставено во поширок контекст, е еднакво на 2 годишни буџети (22 милијарди МКД годишно) на Фондот за здравствено осигурување на РМ.

**Приказ 4 – Управа за јавни приходи. Извор: длабински интервјуа со УЈП**

**5-те најголеми проблеми на инспекторите на УЈП при вршење на својата должност:**

- Неможност да се контактираат даночните обврзници поради неточни или стари адреси, поради што се оневозможува спроведувањето контроли. Оттаму, УЈП мора да користи други методи кои одземаат повеќе време за лоцирање на седиштата на даночните обврзници.
- Недостапноста на управителите (даночните обврзници), посебно ако не се државјани на РМ.
- Немање сметководствена документација.
- Неажурно книговодствено работење.
- Недоволна соработка од страна на даночните обврзници за утврдување на фактите, со цел пресметување на данокот.

**4 најчести методи на даноча евазија според искуството на УЈП:**

- Регистрирање фиктивни компании за да се создадат фиктивни документи, фирми кои често и бргу се испишуваат од регистарот со цел да се прикријат документите како трага.
- Некои обврзници користат фиктивни фактури и лажираат документи, посебно во системот на ДДВ, за да поднесат измислени барања за поврат на ДДВ, што незаконски го оптоварува буџетот.
- Извлекување готовина од компанијата преку заеми за да се избегне данокот.
- Инспекторите имаат проблем да ја докажат веродостојноста на документите кои се однесуваат на обртотот на компаниите.

[46]Пресметано со земање 7,9% од БДП на Македонија за 2013 кој изнесувал 10,2 милијардиУСД или 9,02 милијарди ЕУР.

# 7. Деловното опкружување и скриената економија во Македонија

Во Македонија повеќето неформални работници и работодавачи не работат од дома, што укажува на постоење на некаков вид организација кое наликува на фирма. Процентот на неземјоделските неформални работници кои не работат дома е 95,2%, а на земјоделските е уште повисок (Novkovska, 2008). Ставен е акцент врз тезгите на земјоделците кои ги формираат т.н. „зелени пазари“ како активност врз која најмногу влијае скриената економска активност, заедно со работниците во градежништвото, домашните услуги и земјоделието, на што во моментов отпаѓа 12% од македонската економија.

**Очигледно, од витално значење е формирање на одделение или организација која ќе се зафати со справување со проблемот на неформалната економија**. Dekker et al[47] констатирале дека само 8 од 31 земја во Европа (26%) има формирано вакво тело со задача борба против непријавената работа. Станува збор или за агенција задолжена за борба против непријавената работа или, пак, за некоја централна координациска комисија со ваква задача. Во Македонија не постои единствено тело со ваква задача и поради тоа, мора да се проучува и анализира сивата економија за да се намалат структурните нарушувања врз економијата.

Графикон 42 – Пречки (16) на водењето бизниси во Македонија, во %. Извештајот за конкурентност на Светскиот економски форум 2010 – 2015 (деловни субјекти)




Сепак, Меѓународната организација на трудот дава поддршка на кампањи за јакнење на свеста за неформалната економија во Македонија, што има свој ефект врз граѓаните бидејќи релативниот обем на сивата економија во Македонија во изминатата декада опаднал од 45% во 2001 на 34% во 2010. Понатаму, Македонија е рангирана како 4-та „најдобра реформаторска држава" од 178 земји од страна на Светска банка во 2009, од гледна точка на

[47] Dekker et al., 2010, *Joining up in the fight against undeclared work in the European Union*, DG Employment, Social Affairs and Equal Opportunities, Brussels.http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=471&langId=enПристапено на 29.06.2015.

**Графикон 43 – Три основни проблеми со кои се соочува Македонија (деловни субјекти).**
**Извор: Национална репрезентатитвна анкета на деловни субјекти, ЦИКП, октомври 2014г.**




економијата. Ова значи дека се прават подобрувања паралелно со процесот на акумулација, кои може да помогнат при справување со прашањето на неформалната економија.

Постојат различни гледања и искуства во зависност од тоа на која страна на спектарот припаѓаат субјектите на скриената економија. Претставниците на деловниот сектор искажуваат малку поинакво мислење споредено со граѓаните и корупцијата ја рангираат како најголем проблем со кој се соочува земјата, по што следи поличката нестабилност, невработеноста, лошата клима за развој на бизнис и ниските приходи. Сепак, ако се споредат овие резултати со Извештајот за конкурентност на Светскиот економски форум, корупцијата како проблем за бизнисите го зафаќа 7-мото место во 2014 (од 16 места). Оваа разлика се должи на различните методологии кои се користат при прибирањето на податоци.

**Графикон 44 – Степен на задоволство со законите / процедурите кои влијаат врз бизнисите (дел.субјекти)**




Според Државниот завод за статистика (ДЗС), во 2014 г. имало 70.659 активни деловни субјекти, што, споредено со Бугарија, на пример, со население кое е 3,7 пати поголемо (3,4 деловни субјекти на 100 граѓани), значи дека бројот на деловни субјекти е 5,3 пати поголем во Бугарија, т.е. 373.383 деловни субјекти (5,1 компанија на 100 граѓани).

Секако, бројот на деловни субјекти не е единствениот најважен фактор при оценување колку добро тие можат да ги реализираат своите потреби и да ги искажат проблемите пред креаторите на политиките, но сепак нуди увид во одредени димензии, како што е можноста за лобирање и влијание врз долгорочниот процес на креирање на политиките. Согласно ова, претставниците на компаниите се доста поделени кога станува збор за нивните мислење за квалитетот на процедурите и јавните власти чија ефикасност влијае директно врз деловните субјекти. **Една третина од нив се делумно задоволни со квалитетот на законите и административните процедури, што**

**директно влијае врз бизнисите, додека, втората третина се делумно незадоволни.** Секој четврти претставник е многу незадоволен од квалитетот на таквите документи. Веројатно, причината е во перцепцијата на повеќе од половина од претставниците на компаниите кои велат дека законите се делумно (27,5%) или во голем степен непредвидливи (26%) и тие станале уште понепредвидливи во текот на изминатите 3 години (мислење кое го делат половина од претставниците).

**Графикон 45 – Степен на задоволство со јавните функционери кои работат со деловниот сектор (деловен сектор)**




Дополнително на ова е перцепцијата дека деловниот сектор само понекогаш (40%) или никогаш (24%) не е информиран однапред за законите и регулативите кои ја регулираат нивната работа, и дури и кога е информиран, Владата само понекогаш (41,1%) или никогаш (28,6%) не ги зема предвид мислењата на бизнисите или стопанските здруженија. Ова води до толкување дека **непредвидливоста на регулативите ја формираат непознати инсајдерски интереси кои се заштитени од законодавците.**

**Непредвидливоста на законите, заедно со негативните перцепции** поради немањето „слух“ на Владата и немањето навремена информација за новите закони, треба да послужи како индикатор за осигурување на квалитет пред Владата и нејзината политика и законодавците во однос на производите кои ги креираат. Честите и драстични промени не оставаат доволно време за деловните субјекти да се адаптираат соодветно, а и целосно да се устројат во склад со законските измени и покрај нивната волја да биде така. Одредени установи, како што е УЈП, како што е наведено во основната анализа[48], покажуваат одредена флексибилност кога контактираат со компаниите во однос на придржувањето кон даночните политики и кога им даваат релевантни информации на компаниите. **Честопати причина за флексибилноста е тоа што администраторите кои не се поврзани со највисоките политички моќници ги гледаат недозволените сојузи помеѓу партиските лидери, законодавците и одредените фирми кои имаат корист од промените во регулативата и ова е нивниот фер одговор за фирмите кои немаат такви врски.** Изворот на проблемот со непредвидливоста на законите, секако, не е на ниво на имплементација, туку тој е длабоко вкоренет на нивото кога се креираат политиките и индицира сериозна политичка корупција во државата.

**Деловните субјекти ја навеле нелојалната конкуренција како главен проблем** за развојот на бизнисите. Ова е во согласност со податоците од анкетата на СБ која вели дека компаниите најмногу ги загрижуваат неформалните бизниси, каде што всушност лежи нивната нелојална конкуренција. Повеќе од половина гледаат закана во макроекономската состојба и во корумпираната администрација. Во однос на големината на компанијата, перцепциите се

[48]Mickovska R. A; Shurkov E. *Background Analysis on the Spread and Trends of the Hidden Economy in Македонија* (CRPM/CSD 2014).Пристапено од: http://www.crpm.org.mk/?p=13971

различни, од една страна судството и макроекономската состојба се поголем проблем за малите/средни компании, отколку за микрокомпаниите.

**Од друга страна, нелојалната конкуренција е поголем проблем за микрокомпаниите**. Микрокомпаниите веќе работат со помала заработка, помали резерви на капитал, и нивните производи и услуги обично не се од редот на економиите од голем обем, што значи дека нелојалната конкуренција многу лесно може да го забави и попречи нивното работење.

Графикон 46 – Главни проблеми за бизнисите во Македонија (Q. C8) (деловен сектор)




Податоците укажуваат дека проблемите за деловните субјекти може да се лоцираат од три различни извори: (1) други активни бизниси кои делумно или целосно го прекршуваат законот; (2) корупција во администрацијата и (3) нестабилна макроекономска состојба. Бидејќи тие потекнуваат од комплетно различна основа, на сите мора одделно да се работи. Во суштина, Графиконот 46 им нуди една мапа на креаторите на политиките за утврдување на тековната

состојба и за оценка на сегашните и идните политики, бидејќи трендовите понатаму само ќе се следат со ажурирање на податоците.

Одговорите на двете прашања подетално и подиректно укажуваат на одредени елементи на

**Графикон 47 – Степен на согласување со проблемите поврзани со функционирање на бизнисите (Q. C9) (деловни субјекти)**



бизнис-заедницата кои го дефинираат степенот на задоволство/незадоволство на деловните субјекти. Исто како во претходниот пример, цифрите може да послужат како одредници за зголемување на ефикасноста на бизнис-заедницата и за соодветно таргетирање на политиките. Податоците укажуваат на тоа **дека политичката корупција има преголема контрола во Македонија**:

Графикон 48 – Спроведување на набавки без тендер (Q.C12_I), (деловен сектор).




- **90% од бизнисите целосно/делумно се согласуваат дека „влијанието на моќните бизнис-групи во Македонија е големо“**
- Повеќе од 80% делумно/целосно се согласуваат дека „приватните бизниси се соочени со бројни административни проблеми, што се совпаѓа со 60% или повеќе кои гледаат на државната администрација како на зависна и под влијание на приватен економски интерес.
- Повеќе од 60% се согласуваат делумно/целосно дека има големи државни интервенции во активноста на приватните бизниси.
- **Повеќе од 60% се согласуваат делумно/целосно дека значителен удел од компаниите обавуваат скриени економски активности.**
- Повеќе од 80% се согласуваат делумно/целосно дека каматите на кредитите се високи, што понатаму го забавува генералниот пристап до капитал, а тоа, исто така, беше означено како главен проблем за бизнисите во 2014-2015[49].

Графикон 49 – Извршување на нелегален прилив или одлив на средства (Q.C12_K), (деловни субјекти).




Графикон 50 – Извршување на зделки во натура или со компензација (Q.C12_J), (деловни субјекти).




[49]World Economic Forum (WEF), World Competitiveness Report 2014 – 2015. *Barriers to doing business in Македонија.* Пристапено од:*http://www3.weforum.org/docs/GCR2014-15/MKD.pdf*

Во однос на склучувањето на големи бизнис-зделки во готовина, оваа практика не е многу вообичаена. Имено, само 4% изјавиле дека нема постојана практика на готовинско плаќање, додека 13% во повеќето случаи го практикуваат тоа. Повеќето од компаниите никогаш (37%) на плаќаат во готовина за ваков вид зделки.

**Приказ 5 - Најделотворни генерални методи за сузбивање на скриената економија според Управата за јавни приходи на Македонија. Извор: длабински интервјуа со УЈП**

**а. Најделотворни генерални методи за сузбивање на скриената економија се:**

- **Информирање на субјектите** за обврската за регистрирање на нивната дејност;
- **Зголемување на свеста** за доброволно уплаќање на даночните обврски;
- **Советодавна помош** при регистрирање за подмирување на обврските;
- **Поедноставување на процедурите** за регистрирање и поднесување на документацијата за поврат на ДДВ.

**б. Најделотворни конкретни методи за сузбивање на скриената економија се:**

1. **Функционирањето на „отворениот телефон 198 за пријавување на нерегуларности“,** како и електронското пријавување нерегуларности со кои се помага лоцирањето на даночните обврзници вклучени во непријавена работа.
2. **Посети на веќе утврдени нерегистрирани обврзници,** што помага при едуцирање и насочување на обврзниците за тоа како законски треба да се обавува дејноста.
3. **Воведување регистар на обврзници кои работат времена дејност.** Со ова се подобрува прибирањето даноци од нерегистрираните обврзници, се легализираат нивните бизниси и се обезбедува исплата на даноци.
4. **Смалување на прагот за регистрирање на ДДВ обврзници** од 2.000.000 МКД на 1.000.000 МКД (од 33.000 ЕУР на 16.500 ЕУР). Со зголемувањето на бројот на ДДВ обврзници, опадна бројот на правни лица кои не пресметуваат ДДВ, што создава поголема фер конкуренција на пазарот.
5. **Фискална едукација на младите**. Со спроведување на проектот за едукација на младите за фискалната дисциплина (на ниво на средни училишта и универзитети) се објаснуваат придобивките за општеството од плаќањето даноци со цел да се создадат вистински предуслови за создавање на совесни и општествено одговорни идни даночни обврзници.
6. **Спроведување даночни (инспекциски) контроли.** Ова, меѓу другото, вклучува: откривање нерегистрирани обврзници, откривање нерегуларности, неточни пресметувања на даночни основици, итн.

Што се однесува до набавките, гледањето на деловниот сектор е дека скоро една третина од претставниците на деловниот сектор никогаш (30%) не спроведува набавки без соодветна тендерска процедура. Од друга страна, скоро половина (46%) од испитаниците изјавиле дека компаниите ги заобиколуваат законските одредби кога станува збор за тендерски постапки. Најмногу од нив само понекогаш (15,7%) ги избегнуваат тендерските постапки, додека 14,3% тоа го прават најчесто. Значителен дел (10%) изјавиле дека компаниите постојано спроведуваат набавки без придржување кон пропишаните тендерски постапки.

Во однос на прашањето **„Колку често компаниите извршуваат зделки со компензација или плаќање во натура во вашиот сектор?“** (Графикон 50), претставниците изјавиле дека 31,4% од компаниите никогаш не го прават ова. Според испитаниците, 14% од компаниите најчесто склучуваат вакви зделки, додека околу 20% од компаниите само понекогаш го практикуваат ова. Според гледањето на претставниците на деловниот сектор, **незаконскиот прилив или одлив на средства** (Графикон 49) не е многу вообичаена практика помеѓу компаниите. Имено, околу 37% сметаат дека компаниите никогаш не прават нелегални трансакции на прилив или одлив на средства, значително помал дел, 18,6% тоа го прави понекогаш, а 8,6% сметаат дека компаниите никогаш не го прават ова.

# 8. Заклучоци и препораки

Македонија има **сериозен проблем** со големината и распространетоста на скриената економија и нејзините различни елементи. Индексот на скриената економија кој е претставен во овој Извештај потврдува дека и деловниот сектор и домаќинствата во скриената економија гледаат значителна пречка за нивното работење и дека тоа е **широко прифатена практика**. Скриеното вработување е состојката која отскокнува како најургентното и најпроблематичното прашање кое мора да се решава. Ова посебно важи за **најранливите групи, како што се домаќинствата со ниски приходи и понизок степен на образование**, кои најчесто стануваат жртви на скриеното вработување кое е во позадина на секоја стапка на невработеност во земјата. Една третина од вработените пријавуваат пониски приходи, а дополнителни 6% работат без каков било договор. Даночниот морал расте како што растат приходите, но дури и на нивоа повисоки од просечната месечна плата во К-1-2015, една петтина од лицата изјавиле дека, пак, би се решиле да ги скријат приходите. **Ова укажува на упорни структурални проблеми што бараат трпение, упорност и цврста решеност за да може да се решаваат.** Овие резултати, и покрај значајни дискрепанции во различните извори на податоци, ги потврдуваат согледувањата на Анкетата за работна сила, пресметувањето на системот на национални сметки, како и на други домашни и меѓународни академски и политички анализи.

Владата на РМ има разбирање за овој проблем и под притисок на ЕУ, таа сè повеќе се вклучува во намерни активности за преземање мерки за справување со проблемот на скриена економија. Со назначување на МТСП за координатор на акцискиот план за спречување на криената економија, јасно се демонстрира ставот на Владата дека скриеното вработување бара најитно внимание. **Генералната политика на Владата за смалување на даночните стапки и олеснување на водењето бизниси заслужува пофалби бидејќи се чини дека придонесува кон смалување на даночната недисциплина.** Сепак, властите во Скопје треба внимателно да ја преиспитаат долгорочната стратегија, бидејќи генерално јавните приходи константно се под нивото на 30% од БДП по 2011 г., што е загрижувачка индикација за **капацитетите на државата за подобрување на јавните услуги во иднина.** Ова укажува дека нема да се случи драстичен пораст на ефикасноста на пружање на јавни услуги на граѓаните.

Македонската Влада треба да ги забрза напорите за сузбивање на скриената економија **преку подобра координација и соработка** помеѓу клучните министерства и институции, како што се: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, како и Министерството за економија. Дополнително, потребна е поголема инволвираност од **Македонското собрание и политичките партии** при пронаоѓање долгорочни решенија, бидејќи е очигледно дека проблемот

и понатаму ќе опстојува, независно од констелацијата на моќ. **Етничките албански партии** треба да бидат посебно активни во нудење и проследување на идеите, бидејќи според податоците, проблемите врзани за скриената економија се посебно изразени помеѓу албанскиот дел од општеството. Дури и поважно, тука лежи и најголемиот дел од ранливите групи. Претстојните избори во 2016 г. ќе понудат соодветна платформа за размена на гледиштата и за креирање на долгорочни идеи за политиките кои ќе помогнат за справување со скриената економија.

Важни сојузници на Владата на РМ во своите напори за сузбивање на скриената економија треба да бидат активните организации на граѓанското општество, како и социјалните партнери. Препорачливо е тие да се среќаваат два до четири пати годишно во организација на ресорното министерство за да се преиспита постигнатото и да се споделуваат нови сугестии. Оваа активност треба да се потпомогне со **воспоставување редовен механизам за мониторинг**, како што е Индексот на скриената економија, како и од формалните *ex anteиex post* евалуации на политиките на конкретни мерки, базирани врз најдобрите **стандарди за евалуација** на ЕУ. Делегацијата на ЕУ, исто така, треба да биде вклучена во работата на Работната група за да се обезбеди поддршка на ЕУ, сообразност со севкупниот процес на приклучување кон ЕУ.

Скриената економија е високо сложен феномен кој **бара системски и комплексни решенија,** а не само кампањи насочени кон одделни манифестации на оваа појава. **Формализирањето на бизнисите**, исто така, може да биде **долг и комплексен процес кој влијае врз пазарната структура, ги прераспределува пазарните моќи на потрошувачите и субјектите и влијае врз вработувањето**. Оттаму, владите треба да ги планираат политиките за справување со сивата економија земајќи ги предвид влијанијата врз процесот и проверувајќи дали сето тоа е фер и транспарентно. Од клучна важност е **последователноста на реформите** за да се контролира социјалниот трошок на транзитирање од скриена кон формална економија и за спречување на нефер предноста на сопствениците на бизниси кои се блиски со лицата кои ги спроведуваат законите или го контролираат процесот на легализација на деловните субјекти. Со цел да се осмисли и имплементира долгорочна сеопфатна програма за справување со скриената економија, важно е да се има:

- ***Систем за мерење на скриената економија,*** кој е широко прифатен од страна на креаторите на политиките, стопанските здруженија и граѓанското општество, кој ќе биде сеопфатен, и ќе овозможи темелна, сигурна, валидна, благовремена и осетлива на промени проценка на динамиката, причините, цената и ефектите. Индексите на скриената економија може да послужат како прва итерација за развивање на еден таков систем;

- **Механизам за ефикасна меѓуминистерска и јавно-приватна координација и соработка** за борба против скриената економија. Предложената Работна

група за скриена економија од страна на ЦИКП и ЦИД може да послужи како стручна служба на овој механизам. **Координацијата треба да се испланира на различни нивоа** – **аналитичко** и **стратешко** (пр. со Проценка на заканите од организиран криминал кои редовно би ги правело Министерството за внатрешни работи) и **оперативно** (пр. со постојани инспекции од страна на различни контролни тела, кои меѓусебно ќе разменуваат информации);

- Работната група за скриена економија треба да подготви **Стратегија и акциски план со соодветен редослед на реформите** кои ќе бидат прифатени од страна на креаторите на политиките, стопанските здруженија и граѓанското општество.
    - Акцискиот план треба да предвиди **редовен мониторинг на скриената економија** наспроти спроведувањето на реформите со системот за мерење кој е опишан подолу.
    - Акцискиот план треба да понуди анализа на влијание и исплатливост на различните стратегии за формализирање на бизнисите кои би се применувале со цел да се гарантира фер и транспарентен процес;
- Механизмот за ефикасна меѓуминистерска и јавно-приватна координација и соработка треба да понуди **техничка и деловна интероперабилност помеѓу информатичките системи** на сите они кои се вклучени во сузбивање на скриената економија.

Македонското стопанство и потрошувачка зависат, во голема мера, и конкретно од дознаките од странство, домашните и приватни трансфери, непријавеното производство и малопродажбата на земјоделски производи како и од користењето различни услуги на домаќинствата и поединците на непазарна основа. Иако некои од дознаките се користат и како инвестиции, најголемиот дел оди во скриената економија и дури и во нерегистрирани фирми (релативно големи занаетчиски бизниси во кои е вклучено поширокото семејство). Значаен дел од долгорочно невработените всушност учествуваат во скриената економија и/или директно се потпираат врз комбинација на дознаки и скриената економија преку роднините. Оттаму, **примената на прагматични политики за негување на претприемништвото и инвестициите во формалниот сектор кој се базира на дознаки** може да придонесе кон отворање на нови работни места и економски растеж и да ја намали скриената економија. Конкретно, ова се препораките на овој Извештај во однос на политиката со дознаките:

- Подобрено **мерење и проценка на дознаките** од страна на државните власти, бидејќи официјалните трансфери (кои се регистрираат преку Меѓународниот

систем за регистрирање на трансакциите) претставуваат само мал дел (но сепак, значителен удел од БДП – 2,5% од БДП) од сите дознаки;

- **Поедноставување и намалување на трансакциските трошоци** поврзани со дознаките со цел да се намали нивното криење. Регуларното испраќање на дознаки дома обично е многу скапо и регресивно. Сепак, каков и да е начинот на кој луѓето сакаат да испратат пари дома, тој може да се подобри преку модерен финансиски систем, а разликата во трошокот да се употреби за општествено корисни потреби.

- Многу од самите дознаки доаѓаат од скриени економски активности во земјата-домаќин (често и од слични дејности – градежништво, нега на деца и возрасни, ниско платени и неквалификувани работи и услуги, превоз, проституција, итн.). Оттаму, потребна е соработка **помеѓу властите, посебно од земјите на ЕУ, за да се сузбие скриената економија во меѓународни случаи**.

- **Потребна е силна политичка заложба како поддршка на проекти за дијаспората** – за основање нови бизниси, центри за помагање на бизнисите, или поради чиста филантропија. Пораката која политичарите и организациите на граѓанското општество треба да им ја испраќаат на примателите и испраќачите на дознаките е дека **нивното активирање како инвеститори и ментори на бизнисите во Македонија има уште поголем ефект отколку само испраќањето готовина.**

- Дури и во случаи кога испраќачот нема доволно вештини и знаење да игра таква улога (на инвеститор и ментор) и кога нема доволно средства да инвестира, а има доволно да го издржува најблиското семејство, Владата може да помогне преку:

    - **Обезбедување на штедните влогови на дијаспората или и на дознаките** (обврзници на дијаспората) кои може да се искористат за финансирање на јавни или приватни или социјално одговорни проекти. Ова успешно го имаат направено владите на Индија и Израел, како и некои други земји во развој.

    - **Обезбедување (или финансирање) на потребната обука на персонал** и на потребните консултантски услуги преку бизнис-инкубаторите за помош на дијаспората, на оние кои би сакале да им помогнат на семејствата или блиските да основаат бизниси. Треба да се даде посебен акцент и поддршка на иницијативи преку кои ќе се формализираат нерегистрираните бизниси и генерално би се смалила скриената економија.

- **Развивање на систем за кофинансирање за ангажирање на невработените** со различен степен на поддршка зависно од видот на невработеноста и проектната област (невработеност на младите, долгорочна невработеност,

итн.). Долгорочната невработеност веќе се претвори во неповратно губење на способноста да се најде работа за повеќето припадници на оваа група, што налага постојана социјална помош и поддршка од Владата.

- **Подобрување на стапката на успех на програмите наменети за вработување на припадници од ранливите групи (невработени Роми и примател на социјална помош) преку соработка со надворешни социјални партнери и НВО-и**. Агенцијата за вработување има изградено солидно досие во спроведување на различни програми за вработување. Сепак, има некои проблеми при креирањето на успешно вработување, посебно кај најранливите групи кои се најчестите добавувачи и вршители на скриените економски активности. Субвенционирањето на вработување на корисниците на социјална помош и интеракцијата на ромската популација во формалната економија е важна за смалување на социјалните тензии.

- **Силното политичко ангажирање за сузбивање на нееднаквоста** на државно и регионално ниво, посебно кога станува збор за ранливите групи (со ниски приходи, понизок степен на образование, жени, долгорочно невработени етничките групи). Агендите на политичките партии треба да отсликуваат јасна стратегија за смалување на нееднаквоста на приходите помеѓу избирачкото тело кое се издига над барањата за пропорционално вработување на етничките групи во јавната администрација кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор од 2001(ОРД). Иако со исполнување на овие барања се подобрува општата положба на етничките групи во Македонија, сепак, тие не се фокусираат на ранливите групи, што уште повеќе се засилува со корупцијата и непотизмот со кој се разјадува политичкиот систем и општеството воопшто.

Македонија има **релативно едноставен даночен систем** и релативно ниски стапки на данок на профит и доход, како и на ДДВ, но сепак активностите на даночните служби се чини дека остануваат ригидни, бидејќи сè уште е висок процентот на бизниси кои се незадоволни со одредени аспекти на даночниот систем. Придонесите за социјално осигурување се посебно прашање, бидејќи луѓето сè повеќе сметаат дека не им ја нудат заштитата за која (треба да) плаќаат. Износот за социјално осигурување е значително повисок отколку во Бугарија (скоро два пати), споредено со просечната плата, и стапката е исто така повисока, со што има силни стимулации делумно или целосно да не се пријавуваат платите. Важно е властите да се фокусираат на изнаоѓање на долгорочен баланс, што подоцна ќе бара помали интервенции, дури и ако ова бара посилна буџетска поддршка во овој момент. Во прилог следи листа на идеи, која не е конечна, која би можела да помогне при решавање на проблемот со неуплаќање придонеси за социјално осигурување:

- **Поголема подготвеност за плаќање даноци:** Во моментов социјалното осигурување не е исплатливо од гледна точка на приватните работодавачи и работниците и ова е главната причина за евазијата. Тука може да помогне постојаното намалување на износот и стапките на социјално осигурување со зголемување на бројот на оние кои уплаќаат. Во моментов се чини дека пензискиот систем добро функционира за привилегираните јавни функционери и раководни лица на јавни претпријатија. Податоците од Македонија веќе налагаат дека смалувањето на стапките за социјално осигурување, всушност, можат да доведат до зголемување на приходите преку поголема дисциплина[50].

- **Зајакнување на капацитетот на администрацијата за** откривање на прекршителите и за прибирање на нивните долгови. Ова може да значи воведување на систем за управување со ризик (со селективна контрола на оние со највисокото потенцијално негативно влијание), но најважната мерка може да биде здружување на даночната администрација со оној дел од државната управа задолжена за прибирање на придонесите за социјално осигурување.

- Постоењето на различни **исклучоци при пресметување на даночната основица за ДДВ е силна стимулација за измами со ДДВ**, оттаму преку проширување и усогласување на основицата за пресметување на ДДВ би се задоволил еден важен инструмент за ограничување на скриената економија.

- **Ажурирање на повратот на ДДВ** согласно зголемената интероперабилност и споделување на податоците на институциите. Според деловниот сектор, значително се доцни со повратот на ДДВ, со што се зголемува севкупниот финансиски и административен товар врз компаниите и се зголемуваат стимулациите за функционирање во рамките на неформалната економија.

- **Укинување на фирмарината (која оди во општините)**, која, иако не е висока, создава многу конфузија и фрустрации. Фирмарината е фиксен износ кој го уплаќа секоја канцеларија на секој субјект, независно од големината на компанијата во смисла на вработени или обрт. Како алтернатива на ова, даночните власти би можеле да ја разгледаат можноста од уплаќање на данокот во полугодишни или квартални исплати со цел да се раздели ова оптоварување во текот на подолг временски период, со што ќе се омекнат негативните ефекти, посебно врз микробизнисите, на кои им треба подолго време да акумулираат приходи и профит.

---

[50] **Shurkov, E, Mickovska R.A.** , (2014) “Hunting the Shadows – Tax Evasion Dynamics in Македонија” Policy Brief nr. 33, Dec. 2014. Пристапено од: http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2015/03/PolicyBrief33_ENG.pdf

- **Инвестирање во новопредложената даночна администрација без хартија** (нов ИКТ систем на УЈП). Согласно Студијата, станува збор за инвестиција од 5 милиона ЕУР која ќе се воведува три последователни години до целосно развивање на системот. Согласно искуството од имплементацијата на овие системи во другите даночни администрации, преку новиот систем, само со 1% зголемена стапка на наплата на даноците и придонесите, оваа инвестиција ќе се исплати веднаш по првата година од имплементацијата на новиот ИКТ систем. Новиот систем ќе ја зголеми ефикасноста и интероперабилноста помеѓу различните органи и тела.

Една од најмоќните скриени економски активности е прикривање на обемот на увоз при царинење, што за сторителите нуди брз поврат, а понатаму има ефекти врз неформална економија и целиот вредносен синџир на малопродажба. Состојбата во македонската царинска администрација укажува на одредени алармантни индикатори. Граѓаните и деловниот сектор сметаат дека во царината има висок степен на корупција. Споредбените статистички податоци докажуваат дека, на пример, само 67% од официјално извезената роба од Грција во Македонија во 2014 (според грчката царинска служба) е увезена официјално во Македонија (според податоци на македонската царина)[51]. Скриениот увоз во Македонија може да се ограничи на следниве начини:

- **Обелоденување на врските помеѓу шверцот и недозволениот увоз и финансирањето на политичките партии на сметка на смалената наплата на увозните давачки и даноци.** Преку следење на скриениот увоз **може да се дојде до конкретни видови добра,** а потоа може да се утврдат главните инволвирани увозници и да се открие дали тие имаат партиски финансии или поблиски врски со претставници на власта. Иако базата на податоци ComExt отсекогаш била јавно достапна, таа ретко или воопшто не е предмет на интерес на истражувачките новинари, царинските службеници, даночната управа или лицата задолжени за спроведување на законот.

- **Внесување на систем на ротација (ротација на службеници, ротација на смени, случајно компјутерски генерирани проверки на распореди) на царинските терминали со цел да се спречи рутинирање на корумпирани односи помеѓу службениците и компаниите/превозниците**. Воведување случајни проверки од страна на мобилни единици, кои нема да ја знаат задачата однапред, случајно генерирани рути, итн.

- **Јакнење на националните** програми на пријавителите и нивно пилотирање во царинската управа. Вакви програми во царината треба да се синхронизираат со ротацискиот систем и случајните проверки, што може да има значителен ефект врз корупцијата и криењето.

[51] Податоци од базата на податоци ComExt на Еуростат: http://epp.eurostat.ec.europa.eu/newxtweb/

- **Воведување на софистицирани ИТ системи**, кои може да ја поврзат царината во Македонија, но и нејзино поврзување со соседите за да се добиваат податоци во реално време и автоматизирана детекција на измами и сигнализирање на сомнителни увози или увозници.

- **Државниот инспекторат за труд (ДИТ) треба да помогне да се развие систем за известување кој е компатибилен со главните системи и софтвер за управување со податоци**. Доколку се обезбеди подетален поглед врз утврдените нерегуларности, како што се нерегистрирани работници, неисплатени плати, исплати во плик итн., и за контекстот во кој се случуваат, би им се помогнало на советниците и аналитичарите во МТСП и АВРМ, како и на надворешните истражувачи со моќни алатки за сеопфатна анализа на пазарот на трудот со сите негови нерегуларности кои може да се поврзат со скриената економија. Сепак, овој систем за известување мора да е компатибилен и усвоен од сродните институции и агенции кои генерираат јавно достапни информации за нивните активности, како што се Финансиската полиција (ФП), Државниот пазарен инспекторат (ДПИ), Царинската управа, итн. Оваа компатибилност и управување со податоци помеѓу институциите ќе ја зголеми нивната интероперабилност и ќе им овозможи на истражувачите доволно детализирани податоци кои ќе доведат до побрзи препораки за политиките, евалуација на политиките базирана на докази и повратни информации со цел подобрена имплементација на политиките и мерките што постојано се укажува како проблем во извештаите за напредок на ЕУ.

- **Финансиската полиција (ФП) треба да го користи истиот систем за управување со податоци како и ДИТ и да има размена на податоци со Управата за јавни приходи (УЈП)**. Дополнително, треба да разработи систем за размена на податоците со судовите кои ќе постапуваат по предметите против прекршителите, со посебен акцент на изгубени приходи и наплатени казни. УЈП може да има водечка улога во вообликување на оваа врска помеѓу ФП и судовите поради обемното искуство на Управата во размена на податоци и примена на системи за известување и управување со податоци. Овие податоци ќе содржат информации за обемот на прекршоците како и за ефикасноста на ФП и на судовите во постапување по предметите, што, секако, е важно за да се обесхрабрат нови слични дела и да се охрабри даночниот морал.

Како и повеќето од ЕУ-28 земји, Македонија применува мерки насочени кон непријавената работа и даночната евазија, кои **главно се насочени кон репресивни и казнени мерки,** со исклучок на некои скорешни мерки за формализирање на работните места и бизнисите. Владата на РМ најпрво треба да размисли за **менување на балансот помеѓу постојните казнени мерки** (со прогресивни стапки на

казнување) и второ, на **балансот помеѓу казнените мерки и стимулации.** Бизнисите тврдат дека недостасуваат стимулации – поентирајќи дека ова е главната причина за сокривање на економската активност. Зајакнато со превентивни мерки, како што се **зголемен и подобро насочен продор и едукативни мерки кон главните ризични групи,** може да се поврати балансот во корист на зголемено формализирање на економијата.

Сепак, постои очигледно **отсуство на евалуација на различни политики и мерки**, а посебно на длабински проценки кои одат над главните нумерички индикатори. Ова спречува повалидно оценување на делотворноста на различни политики и конкретни мерки. **Политиката која се води врз база на докази е императив за да се постигне соодветен баланс помеѓу казнените, превентивните и стимулативните мерки.**

Последно, но и еднакво важно, **непредвидливоста на законите** е **голем проблем** за повеќе од половината испитаници – претставници на деловните субјекти. Ова треба да биде важен индикатор за Владата и креаторите на политиките. **Честите и коренити промени не оставаат доволно време деловните субјекти да се адаптираат соодветно, а и целосно да се устројат во склад со законските измени и покрај нивната волја да го направат тоа.**

# Анекси

## 1. Методологија и карактеристики на примероците

Податоците во овој Извештај главно се црпат од две национални репрезентативни анкети кои ги спроведе ЦИКП во текот на октомври 2014.

Примерокот за **анкетата на населението** беше базиран на податоци од пописот од 2002 г., и анкетата беше спроведена во целата земја во форма на директни интервјуа кои траеја помеѓу 30 и 40 мин. Овој прашалник е адаптиран од анкетата на населението на ЦИД за Бугарија со цел да се постигне компатибилност на резултатите. Иако одредени прашања беа прилагодени со цел да се вклопат во македонскиот контекст, беа додадени дополнителни прашања за да се доловат повеќе аспекти од македонското општество и локалните политики. Инаку, анкетата беше составена од два дела: скриена економија и општи демографски информации. Делот за скриената економија беше составен од пет поддела: стоки и услуги; расходи и заштеди; гледишта за скриената економија; вработување и даноци. Прашањето го отсликува реалното искуство на испитаниците со скриената економија, со следење на пристапот на виктимизација и нивното гледање на оваа појава. Индексите за СЕ, пред сѐ, се базираат на реалните искуствени прашања од анкетата.

Анкетата **на деловни субјекти** беше спроведена во целата земја преку теренска анкета, а примерокот беше одреден врз основа на податоците за структурата на компаниите во Македонија, согласно нивната големина, сектор и регионална распространетост, достапни во извештајот на Државниот завод за статистика за активните деловни субјекти.[52] Анкетата беше сочинета од шест дела: основни податоци; општо гледање на предметот и облиците на скриената економија; даноци, конкретни гледишта на манифестациите на скриената економија; царински процедури врзани за извоз/увоз на добра; како и исплати во натура/компензација и издавање на сметководствени документи.

Прашалникот е изготвен од ЦИД, следејќи го бугарското искуство за да се овозможи компатибилност на податоците, а потоа е приспособен и адаптиран од ЦИКП. Со секој претставник на деловните субјекти биле спроведени директни интервјуа, во времетраење од 40 до 60 минути. Од претставниците било побарано да направат проценка на својата дејност или сектор на економска активност (онака како што тие гледаат на неа – и за референтните актери на пазарот кои им се конкуренција) од перспектива на различните одлики на скриената економија, а не им се поставувале директни прашања за нивното однесување, со цел најобјективно да се измери скриената економија.

Податоците од анкетите биле внесени во базата на податоци SPSS и биле обработени преку SPSS.

[52]База на податоци на Државниот завод за статистика за активните деловни субјекти. Достапно на скратената URL адреса:http://goo.gl/xIrJ3Z

## а. Анкета на населението: карактеристики на примерокот

Примерокот за анкетата на населението била сочинета од 1116 испитаници, со демографски карактеристики кои се национално репрезентативни за Република Македонија. Од испитаниците 52,1% биле мажи, а 47,9% жени, потоа 35,8% биле на возраст од 18 до 34; 36,9% биле на возраст помеѓу 35 и 54 години и 27,3% биле на возраст од 55 години или повеќе.

**Графикон 51 – Испитаниците според нивниот економскиот статус (Q. D7_7) (население).**




Што се однесува до образованието, 2,2%имале помалку од основно образование; 15,4% имале основно образование; 48,7% средно; 8% имале вишо образование и 25,4% имале високо образование.

Во однос на брачниот статус, 27,5% биле немажени/неженети; 63,2% биле мажени/женети или во заедница со партнер; 1,6% биле разведени; а 7,4% биле вдовци/вдовици.

Според етничката припадност, 68,4% биле етнички Македонци; 22,8% етнички Албанци; 2,4% биле етнички Турци; 2,7% Роми; 1,7% етнички Срби и 2% останати етнички групи. 23,2% од нив живеат во Скопје, 25,5% во поголем град, 16,1% во мал град и 35% во рурално место.

Според економската активност, повеќето (50,1%) биле вработени, 24,8% биле невработени, 16,8% биле пензионери, а 8,3% биле ученици/студенти.

## б. Анкета на деловни субјекти: карактеристики на примерокот

Иако примерокот се чини дека е мал (70 интервјуирани деловни субјекти), ЦИКП има доволно причини да ја прифати валидноста и сигурноста на резултатите главно поради секторската структура на примерокот и поради фактот што соговорниците биле раководни лица во субјектите или сопственици/партнери. Поголемите примероци често се спроведуваат на сметка на два фактора: а) анкетирање на потструктури во субјектот, кои можеби не се чувствуваат комотно или подготвено да дискутираат за чувствителни прашања, како што се прикривање или заобиколување на законите; и/или б) интервјуирање претежно на трговеци-поединци и субјекти кои претставуваат форма на самовработеност и нивните проценки се поблиски до мислењето на пошироката јавност, а не до она на деловните субјекти во конкретната дејност. Слични анализи се направени врз

**Графикон 52 – Структура на интервјуираните компании според големина (деловни субјекти).**



**Графикон 53–Распределба на компаниите според деловниот сектор).**




база на споредливи примероци, како што е анализата на рамниот данок од страна на Стојков, Николов и Смилевски (2008) направена врз примерок од 100 деловни субјекти кои произвеле солидни резултати.

Од 70-те интервјуирани деловни субјекти, 40 (57,1%) биле микрокомпании со 1-10 вработени; 25 (35,7%) биле мали и средни компании со 11-250 вработени, а 5 (7,1%) биле големи компании со над 251 вработен. Структурата според големината е наклонета кон поголемите компании, сепак примерокот најдобро се вклопува во економската структура според обртот и критериумите на додадена вредност и оттаму нуди повалидни и сигурни податоци во однос на скриената економија.

Околу една третина (34,3%) биле од секторот „трговија“ со комбинација на мали и големи друштва за трговија; 20% од „производниот“ сектор; 7,1% од градежниот, здравствената заштита и превозот 8,6%, од услужниот сектор; 5,7% од угостителството/хотелиерството и 10% биле од останатите сектори (види Графикон 53).

Најмногу од интервјуираните претставници на компаниите биле сопственици (42,9%) и директори (28,6%); 12,9% биле секторски менаџери, а останатите биле партнери, членови на извршни одбори, финансиски менаџери и други. Што се однесува до правниот статус, мнозинството (67%) биле друштва со ограничена одговорност, 7,1% биле трговци-поединци, 7,1% акционерски друштва и 18,6% имале друг правен статус.

Помалку од една третина од друштвата (31,4%) изјавиле дека се членови на стопански здруженија или лоби групи. Ова е поврзано со големината. Сите големи компании и нешто помалку од половина од средните и малите компании изјавиле дека членуваат во вакви здруженија, додека кај микрокомпаниите ова го потврдиле само помалку од четвртина од нив.

## Литература


- **Danielsson, A.** (2015). Field notes on informality's culture of ubiquity: Recognition and symbolic power within informal economic practices in Kosovo, in Morris, J., & Polese, A. (Eds.). (2015). *Informal Economies in Post-Socialist Spaces: Practices, Institutions and Networks*. Palgrave Macmillan, pp.117-138
- **Dekker et al.,** (2010) *Joining up in the fight against undeclared work in the European Union*, DG Employment, Social Affairs and Equal Opportunities, Brussels. Date accessed 29 June 2015.
- **Dzhekova et al.**, (2014) *Tackling the undeclared economy in Македонија FYR*, University of Sheffield. http://www.grey-project.group.shef.ac.uk/wp-content/uploads/2014/08/WP3-Tackling-the-Undeclared-Economy-in-FYROM_10072014.pdf Date accessed 29 June 2015.
- **Dzhekova et al**,. (2013) *'Out of the shadows: developing capacities and capabilities for tackling undeclared work in Bulgaria, Croatia and FYR Македонија'*http://cordis.europa.eu/project/rcn/110102_en.html Date accessed 30 June 2015.
- **Chen, Martha, Alter***(2012).The Informal Economy: Definitions, Theories and Policies.* Retrieved online on 07.03.13from: http://wiego.org/sites/wiego.org/files/publications/files/Chen_WIEGO_WP1.pdf
- **CSD** (2000) CSD Reports N6: *Corruption and Trafficking: Monitoring and Prevention*, Center for the Study of Democracy, Sofia, 2000
- **CSD** (2002) CSD Reports N10: *Smuggling in Southeast Europe*, Center for the Study of Democracy, Sofia, 2002
- **CSD** (2004) CSD Reports N15: *Transportation, Smuggling and Organized Crime*,Center for the Study of Democracy, Sofia, 2004
- **Elgin, C. and Öztunali, O.** (2012) *Shadow Economies around the World: Model Based Estimates*. Istanbul: Bogazici University, Department of Economics.
- **EU Inside** (2014) http://www.euinside.eu/en/news/western-balkan-countries-suffer-high-unemployment-lack-of-reforms Date accessed 30 June 2015.
- **Eurostat News Release**, 01.07.2014, Euro Indicators October 2014. Retrieved from: http://ec.europa.eu/eurostat/documents/2995521/6033691/3-31102014-BP-EN.PDF/fb5a7034-d11b-498c-b997-43a691c85c8f
- **Eurofound** (2008) *Tackling undeclared work in the Former Yugoslav Republic of Македонија*https://www.sheffield.ac.uk/polopoly_fs/1.278539!/file/EF13248EN-Македонија.pdfDate accessed 29 June 2015.
- **European Commission** (2006) *Country profile: Македонија* http://ec.europa.eu/enlargement/candidate-countries/the_former_yugoslav_republic_of_Македонија/economic_profile_en.htm Date accessed 1 July 2015.
- **European Commission Communication**COM(2007) 628 final. Retrieved from: http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2007:0628:FIN:EN:PDF

- **Fajnzylber, P. and Maloney, W.** (2007) Informality, Productivity and the Firm, in Morris, J., & Polese, A. (Eds.). (2015). *Informal Economies in Post-Socialist Spaces: Practices, Institutions and Networks*. Palgrave Macmillan, pp. 157-178
- **Feige, E. L.** (1979). How big is the irregular economy? *Challenge*, 5-13.
- **Garvanlieva, V., Andonov, V., Nikolov, M.** (2012) *Shadow Economy in Македонија,* Centre for Economic Analysis. http://www.cea.org.mk/documents/studii/CEA%20SHADOW%20ECONOMY%20IN%20МАКЕДОНИЈА%20FINAL_4.pdf Date accessed 29 June 2015.
- **Grey Economy Action Plan** (2014), MLSP, 2013
- **Helsinki Committee of RM**, 2014, *Analysis: Between Implementation and Reality of the National Strategy for Roma Inclusion* – Roma Decade 2005-2015,
- **Hudson et al**., (2012) *Evaluating the Impact of the Informal Economy on Businesses in South East Europe* http://opus.bath.ac.uk/31397/Date accessed 29 June 2015.
- **International Monetary Fund** (2015) *The Western Balkans 15 Years of Economic Transition* http://www.imf.org/external/pubs/ft/reo/2015/eur/eng/pdf/erei_sr_030915.pdf Date accessed 1 July 2015.
- **International Monetary Fund (2014)** Former Yugoslav Republic of Македонија, IMF Country report No 14/232, July 2014. http://www.imf.org/external/pubs/ft/scr/2014/cr14232.pdf Date accessed 3 July 2015
- **International Labour Organisation** (2013).*Labour inspections and undeclared work in the eu.*Retrieved from:http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_dialogue/---lab_admin/documents/publication/wcms_220021.pdf
- **International Labour Organisation** (2011b) *Labour inspection country profile: The former Yugoslav Republic of Македонија*. Geneva: ILO [Online]. Retrieved from: http://www.ilo.org/labadmin/info/WCMS_114938/lang--en/index.htm
- **Internet World Stats** (2014), retrieved from: http://www.internetworldstats.com/stats9.htm
- **Kadievska-Vojnovik, Maja. (2014) Prospects of the Македонијан Economy in 2015, available at http://www.bis.org/review/r150112f.htm [accessed July 14, 2015]**
- **Mickovska R. A; Shurkov E**. *Background Analysis on the Spread and Trends of the Hidden Economy in Македонија* (CRPM/CSD 2014). Retrieved from: http://www.crpm.org.mk/?p=13971 (p.55-56)
- **Mojsoska-Blazevski, N.** (2011) *Supporting strategies to recover from the crisis in south eastern Europe: Country Assessment Report: The former Yugoslav Republic of Македонија*. Geneva: ILO. Retrieved on 10.05.2014 from: http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/@europe/@ro-geneva/@sro-budapest/documents/publication/wcms_167032.pdf
- **Morris, J., & Polese, A**. (Eds.). (2015). *Informal Economies in Post-Socialist Spaces: Practices, Institutions and Networks*. Palgrave Macmillan.
- **Nikolov et al.** 2012, *Shadow Economy in Македонија*, Centre for Economic Analysis (CEA) http://www.cea.org.mk/documents/studii/CEA%20SHADOW%20ECONOMY%20IN%20МАКЕДОНИЈА%20FINAL_4.pdf
- **Nenovski, Tome**; (2012) “The Grey Economy in Македонија: Macroeconomic Aspects, Implications and Possible Problem Solutions”, (20 Journal of Sustainable Development, Vol. 5, Issue 10, March 2014. Retrieved from: http://www.fbe.edu.mk/JoSDv10.pdf

- **Nonchev et.al.**, (2011) "The Hidden Economy in Bulgaria and the Global Economic Crisis", Center for the Study of Democracy, Sofia, 2011.
- **Novkovska, B.** (2008) *Measuring Non-standard and Informal Employment in the Republic of Македонија*http://wiego.org/sites/wiego.org/files/publications/files/Novkovska_Measuring_informal_empl_Македонија.pdf Date accessed 1 July 2015.
- **Perry, G. (Ed.).** (2007). *Informality: Exit and exclusion*. World Bank Publications.
- **Public Revenue Office** (PRO) (2015), "How to protect ourselves from and act against the grey economy" 01.02.2010. Retrieved from: http://www.ujp.gov.mk/files/attachment/0000/0071/ISBN_978-608-4592-02-0_Brosura_Kako_da_se_zastitime_i_deluvame_protiv_sivata_ekonomija_2010_08-7104_1.pdf
- **Schneider, F** (2001) *The Size and Development of the Shadow Economies of 22 Transition and 21 OECD Countries*http://ftp.iza.org/dp514.pdfDate accessed 1 July 2015.
- **Schneider, Friedrich; Williams, Colin** "The Shadow Economy," The institute of Economic Affairs 2013, pp 23-27, Retrieved on 01.06.2014 from: http://www.iea.org.uk/sites/default/files/publications/files/IEA%20Shadow%20Economy%20web%20rev%207.6.13.pdf
- **Schneider, F., Buehn, A. and Montenegro, C.** (2010) *Shadow Economies All over the World. New Estimates for 162 Countries from 1999 to 2007. Policy Research Working Paper 5356*. Washington D.C.: World Bank Group.
- Schneider, F., & Enste, D. H. (2013). *The shadow economy: An international survey*. Cambridge University Press.
- **Shurkov, E, Mickovska R.A.**, (2014) "The Economics of Blurs and Shadows – The Hidden Economy in Македонија" Policy Brief nr. 30, Sep. 2014. Retrieved from: http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2014/12/Policy-Brief-N.30ENG1.pdf
- **Shurkov, E, Mickovska R.A.**, (2014) "Hit and Miss – The Dynamics of Undeclared Labor in Македонија" Policy Brief nr. 31, Nov. 2014. Retrieved from: http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2015/01/PolicyBrief31_ENG.pdf
- **Shurkov, E, Mickovska R.A.** , (2014) "Hunting the Shadows – Tax Evasion Dynamics in Македонија" Policy Brief nr. 33, Dec. 2014. Retrieved from: http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2015/03/PolicyBrief33_ENG.pdf
- **Stankovic and Stankovic** (2012) *Social and Economic Aspects of the Shadow Economy in the Republic of Македонија.* Social Science research network http://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2162922Date accessed 30 June 2015.
- **Stojkov, A, Nikolov, M, and B. Smilevski (2008) Flat Tax Policy Assessment in Македонија, Center for Economic Analyses, Skopje.**
- **Sugden, David** (2009). *Gray Markets: Prevention, Detection & Litigation* (paperback). Oxford Press. p. 360.
- **State Statistical Office** database on active business units. Available at shortened URL address:http://goo.gl/xIrJ3Z
- **Tudzarovska-Gjorgjievska, E**. (2015).Corruption and Organized Crime Threat Monitoring Report, MCIC and CSD, Skopje

- **Williams, C. and Rennoy, P.** (2013) "*Tackling undeclared work in 27 European Union Member States and Norway: Approaches and measures since 2008*." **(Eurofound, 2013, p.5**) Retrieved on 22.04.2014 from: http://www.eurofound.europa.eu/publications/htmlfiles/ef13243.htm
- **Williams, C.C., Baric, M. and Renooy, P.** (2013) *Tackling Undeclared Work in FYR Македонија*. Dublin: Eurofound.
- **Williams, C. C.** (2014). *Confronting the Shadow Economy: evaluating tax compliance and behaviour policies*. Edward Elgar Publishing.
- **World Bank** (2000) *Poverty Reduction Paper*, Government of the republic of Македонијаhttp://lnweb90.worldbank.org/eca/eca.nsf/Sectors/ECSPE/AE1F227D6AC1B39085256A940073F4EB?OpenDocument Date accessed 29 June 2015.
- **World Bank** (2012) *Evaluating the Impact of the Informal Economy on Businesses in South East Europe http://opus.bath.ac.uk/31397/*Date accessed 29 June 2015.
- **World Bank**. (2014) *Enterprise Survey 2013. Country Profile Македонија*. Washington D.C.: World Bank Group.
- **World Economic Forum (WEF),** World Competitiveness Report 2014 – 2015. *Barriers to doing business in Македонија.* Retrieved from*:http://www3.weforum.org/docs/GCR2014-15/MKD.pdf*
- **Yalamov, T.** (2012). Hiding, Circumvention, Public Procurement, and Shaping Laws: The Role of Networks and Bribery in Bulgaria. *Eastern European Economics*, *50*(5), 93-111.